**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА



**Февруари 2025**

## С о д р ж и н а


1. ВОВЕД ……………………………………………………………..…… 2

2.ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ ................................ 5

3. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ .............................................................. 32

4. УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКТИКА .............................. 35

5.ОСТВАРЕНИ СРЕДБИ СО ПОНИСКИТЕ СУДОВИ .................. 38

6. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ............................................................ 39

7. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ....................................... 48

8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ................................................... 49

9. ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИКА ..................................................... 53

10. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА ВО СУДОТ .... 57

11. ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ........................ 58

12. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА ............................................ 62

13.РАБОТА НА СЕДНИЦА НА СУДИИ ............................................. 64

14. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ ....................................................... 64

# 1. ВОВЕД

Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 101 од Уставот на Република Македонија е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Стварната надлежност на Врховниот суд на Република Северна Македонија, е регулирана во Законот за судовите, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Врховниот суд на Република Северна Македонија својата надлежност ја остварува преку Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок, Одделот за судска практика, како и преку специјализирани совети во врска со барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот, по жалби на кандидат кој не е избран за судија односно претседател на суд, по жалба против одлука на Судскиот совет за повторно оценување на судија, односно претседател на суд и по барање за повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, својата уставна надлежност за обезбедување на единствена примена на законите од страна на судовите во Република Северна Македонија, првенствено ја остварува преку работата на Општата седница, чија надлежност е утврдена во Законот за судовите каде е предвидено дека утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите, по иницијативи од адвокати, дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење на работата на судовите, разгледува прашања во врска со работата на судовите, примена на законите и судската практика, именува состав на совет за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка во кој учествуваат по тројца судии од

Врховниот суд на Република Северна Македонија избрани по пат на ждрепка и други работи предвидени со закон.

Надлежноста за воедначување на судската практика се реализира и преку работата на Одделот за судска практика и на седниците на судските оддели на кои се усвојуваат правни мислења, се донесуваат заклучоци и се усвојуваат сентенци.

Согласно начелото на транспарентност, утврдените начелни ставови и начелни правни мислења, правните мислења, заклучоците, сентенците и соопштенијата од надлежноста на Општата седница и седниците на одделите редовно се објавуваат на web страницата на Судот.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија постапува согласно своите надлежности како член по функција во Судскиот совет на Република Северна Македонија и Судскиот буџетски совет, а согласно закон и Судскиот деловник, остварува надлежности од судската управа. Исто така, остварува редовна комуникација и соработка со судовите, домашните институции, граѓанскиот сектор, претставници на меѓународните институции и академската заедница.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваат во работата на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седница на судии, на седница на оддели, во работата на советите, како и во други активности согласно со законот и Програмата за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори во согласност со Уставот и со стандардите и праксата на Европскиот суд за човекови права.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија со одлука на Претседателот на судот е формирано Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС програмата во судовите со кое раководи судија на Врховниот суд и на чии состаноци се одлучува по конкретни барања од судовите во врска со примена на АКМИС програмата. Исто така, со одлука на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија е формирано Работно тело за управување со движењето на предметите во судот со кое раководи судски службеник согласно закон.

Стручното усовршување и континуирана едукација на судскиот и стручниот и помошно стручниот кадар се одвива во динамика согласно утврдената програма на Академијата за судии и јавни обвинители, како и преку учеството во разни работилници, конференции и семинари.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија функционира стручно-судска библиотека со богат стручен книжен фонд, прописи и домашни и меѓународни

публикации кои се користат со едукативна цел.

Согласно Законот за судовите во Врховниот суд на Република Северна Македонија е формиран и функционира информатички центар со база на податоци за информатичка технологија, надлежен за техничко управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и базите на податоци кои произлегуваат од работата на судовите. Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија делокругот на својата работа ја извршува и согласно Правилникот за информатичкиот систем во судовите во Република Северна Македонија.

Обемот и интензитетот на работата е евидентиран преку конкретни податоци за постапување на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија во рамките на неговата недлежност, како и преку податоци за работата на одделите и спрецијализираните совети по конкретни предмети во текот на целата година и преку други активности и мерки кои беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

Согласно член 37, став 4 од Законот за судовите, Врховниот суд на Република Македонија доставува Годишен извештај за својата работа, до Судскиот совет на Република Македонија најдоцна до крајот на февруари тековната година за претходната година.

* * *

## 2.ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2024 година имал вкупно во работа 5266 предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот, од кои 709 предмети од 2023 година и 4536 новопримени предмети, а 648 предмети останале нерешени. Во 2024 година 25 предмети се заведени повторно во работа, а 4 предмети се водат како погрешно заведени.

**Врховниот суд на Република Северна Македонија извештајната 2024 година ја заврши како ефикасен суд, приливот на предмети е совладан, а заостатокот е намален за 82 предмет.**

**Извештај по оддели за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

| **Област** | **Граѓанска област** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 15 | 199 | 0 | 0 | 214 | 206 | 8 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **15** | **199** | **0** | **0** | **214** | **206** | **8** |
| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови - ревизија | 157 | 130 | 5 | 0 | 292 | 169 | 123 |
| Работни спорови - ревизија | 103 | 74 | 0 | 0 | 177 | 108 | 69 |
| Граѓански спорови-ревизија | 357 | 363 | 4 | 0 | 724 | 366 | 358 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **617** | **567** | **9** | **0** | **1193** | **643** | **550** |
| **Вкупно - област** | **632** | **766** | **9** | **0** | **1407** | **849** | **558** |
| **Област** | **Кривична област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во** | **Решени** | **Остаток** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | работа | | |
| Разни кривични предмети | 1 | 43 | 0 | 0 | 44 | 41 | 3 |
| Заштита на законитоста по кривични предмет | 3 | 43 | 0 | 0 | 46 | 42 | 4 |
| Вонредно ублажување на казната | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **5** | **87** | **0** | **0** | **92** | **85** | **7** |
| **Вид на предмет** | **Вонредно преиспитување на правосилна пресуда** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда организиран криминал - совет од петмина судии | 9 | 23 | 0 | 0 | 32 | 28 | 4 |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда - совет од петмина судии | 22 | 127 | 0 | 2 | 147 | 128 | 19 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **31** | **150** | **0** | **2** | **179** | **156** | **23** |
| **Вид на предмет** | **Кривично деца** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети во постапка против деца | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **2** | **1** | **0** | **0** | **3** | **3** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Третостепени кривични предмети** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби по пресуди во трет степен | 7 | 62 | 0 | 0 | 69 | 60 | 9 |
| Жалби на решенија на притвор | 1 | 51 | 0 | 0 | 52 | 52 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **8** | **113** | **0** | **0** | **121** | **112** | **9** |
| **Вкупно - област** | **46** | **351** | **0** | **2** | **395** | **356** | **39** |
| **Област** | **Судење во разумен рок** | | | | | | |

| Вид на предмет | Судење во разумен рок - второстепени | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - жалби | 6 | 66 | 1 | 0 | 73 | 62 | 11 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **6** | **66** | **1** | **0** | **73** | **62** | **11** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - Управна | 9 | 25 | 1 | 0 | 35 | 29 | 6 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 5 | 19 | 0 | 0 | 24 | 20 | 4 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 3 | 80 | 1 | 0 | 84 | 67 | 17 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **17** | **124** | **2** | **0** | **143** | **116** | **27** |
| **Вкупно - област** | **23** | **190** | **3** | **0** | **216** | **178** | **38** |
| **Област** | **Судска управа** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети од судска управа | 0 | 3129 | 0 | 1 | 3128 | 3128 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **3129** | **0** | **1** | **3128** | **3128** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Слободен пристап до информации | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 72 | 4 | 1 | 75 | 75 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **80** | **4** | **1** | **83** | **83** | **0** |
| **Вкупно - област** | **0** | **3209** | **4** | **2** | **3211** | **3211** | **0** |
| **Област** | **Управна област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |

| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Заштита на законитоста во управен спор | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Жалби против одлуки на Управен суд | 1 | 8 | 9 | 0 | 18 | 7 | 11 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **2** | **8** | **9** | **0** | **19** | **8** | **11** |
| **Вид на предмет** | ***Жалби против одлуки на ССРСМ*** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби против одлуки на ССРСМ - за избор | 6 | 12 | 0 | 0 | 18 | 16 | 2 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **6** | **12** | **0** | **0** | **18** | **16** | **2** |
| **Вкупно - област** | **8** | **20** | **9** | **0** | **37** | **24** | **13** |
| **Вкупно** | **709** | **4536** | **25** | **4** | **5266** | **4618** | **648** |

## 2.1.Обем и одлучување по оддели

### 2.1.1. Оддел за граѓански дела

Согласно Законот за судовите, Судскиот деловник, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Програмата за работа на Одделот за 2024 година и Распоредот за работа на Судот за 2024 година, Одделот за граѓански дела во текот на 2024 година работеше по предметите од областа на граѓанските спорови.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2024 година, работните задачи ги извршуваше според надлежностите определени во законските прописи по предметната материја, со Програмата за работа усвоена од страна на Одделот за граѓански дела а освен тоа ги извршуваше и поставените задачи од судот. Во Одделот за граѓански дела се одлучуваше по поднесени вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки, како и по предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување тужба за оспорување на татковство. Покрај работата по конкретни предмети, судиите учествуваа во работа на седници на Одделот за граѓански дела, каде беа разгледувани тековни прашања, беа утврдени повеќе правни мислења и заклучоци по разни спорни правни прашања за примена на законските прописи, како и беа усвоени сентенци. Исто така, судиите активно учествуваа во работата на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и Седници на судии на Судот.

Согласно Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година од 09.01.2024

година, судската функција во Одделот за граѓански дела ја извршуваа 9 судии кои по предметите одлучуваа во два совети и 11 судските советници.

Претседателите на советите, не се задолжуваа со предмети.

Со Одлука за изменување на Одлуката од 09.01.2024 година и 07.02.2024 година за годишен распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година донесена на ден 21.05.2024 година, во Одделот повеќе не учествуваше еден судија поради одделечување од работа.

Со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката од 09.01.2024 година, 07.02.2024 година и 21.05.2024 година, за годишен распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година донесена на ден 24.06.2024 година, во Одделот за граѓански дела беа распоредени 7 судии во еден совет. На еден судија му мирува судиската функција поради поради избор за член на Судскиот совет.

Со Одлука за изменување на Одлуката од 09.01.2024 година, 07.02.2024 година, 21.05.2024 година и 24.06.2024 година, за годишен распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година донесена на ден 05.09.2024 година, во Одделот за граѓански дела беа распоредени 5 судии во еден совет. На еден судија поради исполнување на условите за старосна пензија му престана судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Покрај тоа, судиите од Одделот за граѓански дела со Распоредот за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Македонија за 2024 година, учествуваа во работа и во други оддели на судот. Имено, одделни судии учествуваа во одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок и во второстепениот совет кој одлучува по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за судење во разумен рок; во работата на Одделот и советот за казниви дела; во работата на специјализираниот совет кој ќе одлучува по жалба на кандидатот кој не е избран за судија; во специјализираниот совет за одлучување по жалбите против одлуките на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие; во работата на Одделот за судска практика, заедно со судските советници.

Во писарницата на Одделот за граѓански дела во 2024 година работеа 3 судски службеници.

- **Обем на работа**

Од бројчаните показатели за 2024 година во Одделот за граѓански дела имало вкупно **во работа 1.407** предмети, **новопримени** предмети се **766, решени** се вкупно **849** предмети, а **нерешени предмети** останале **558** предмети, од кои **2** нерешени предмети останати **од 2021 година**, **5** нерешени предмети **од 2022 година**, **102** предмети **од 2023 година** и **449** нерешени предмети **од 2024 година**.

Во 2024 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети е совладан, односно во 2024 година **примени се вкупно 766 предмети** а **решени се вкупно 849 предмети**, со што **приливот е совладан** за **83** предмети. Во 2024 година **заостатокот е намален за 74 предмети**, односно во 2023 година на крајот од годината останале **632** предмети нерешени, а во 2024 година останале **нерешени 558** предмети.

| Област | Граѓанска област | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 15 | 199 | 0 | 0 | 214 | 206 | 8 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **15** | **199** | **0** | **0** | **214** | **206** | **8** |
| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови - ревизија | 157 | 130 | 5 | 0 | 292 | 169 | 123 |
| Работни спорови - ревизија | 103 | 74 | 0 | 0 | 177 | 108 | 69 |
| Граѓански спорови- ревизија | 357 | 363 | 4 | 0 | 724 | 366 | 358 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **617** | **567** | **9** | **0** | **1193** | **643** | **550** |
| **Вкупно - област** | **632** | **766** | **9** | **0** | **1407** | **849** | **558** |

**Структурата на 849 решени предмети** е следна: од Уписникот Рев1 – решени се 169 предмети; од Уписникот Рев2 – решени се 366 предмети; од Уписникот Рев3 – решени се 108 предмети; од Уписникот Р – решени се 206 предмети.

**Структурата на нерешени 558 предмети** е следна: 2 предмети останале нерешени од 2021 година од Уписникот Рев2. Од 2022 година останале 4 нерешени предмети од Уписникот Рев1, од Уписникот Рев2 останал нерешен 1 предмет. Од 2023 година останале нерешени од Уписникот Рев1 – 28 предмети, од Уписникот Рев2 – 65 предмети и од Уписникот Рев3 – 9 предмети. Останатите 449 нерешени предмети се од 2024 година и тоа од Уписникот Рев1- 91 нерешени предмети, од Уписникот Рев2- 290 предмети, од Уписникот Рев3 останале нерешени 60 предмети и од Уписникот Р останале 8 нерешени предмети.

| | Примен во 2021 год. | Примени во 2022 год. | Примени во 2023 год. | Примени во 2024 год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за граѓански предмети | 2 | 1 | 65 | 290 | 358 |
| Уписник за трговски спорови | | 4 | 28 | 91 | 123 |
| Уписник за разни граѓански предмети | | | | 8 | 8 |
| Уписник за работни спорови | | | 9 | 60 | 69 |
| **ВКУПНО** | 2 | 5 | 102 | 449 | 558 |

- **Начин на решавање на предметите**

Постапка по ревизија како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **1.407** кои биле во работа во 2024 година по ревизија биле **1.193** предмети, од кои од Уписникот **Рев1 - 292** предмети, од Уписниот **Рев2 - 724** предмети и од Уписникот **Рев3 - 177** предмети, односно по ревизии биле **84,8%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **643** предмети, односно **53,9 %**.

Од решените 643 предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени 369 односно 57,4%, преиначени 33 односно 5,1%, укинати 102 односно 15,9%, отфрлени 138 односно 21,5%, решени на друг начин 1 односно 0,1%.

| Суд | Отфрлени | Одбиени | Преиначени | Укинати | Решени на друг начин | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 80 | 236 | 24 | 62 | 1 | 403 |
| **Битола** | 26 | 79 | 9 | 19 | / | 133 |
| **Штип** | 6 | 19 | / | 7 | / | 32 |
| **Гостивар** | 26 | 35 | / | 14 | / | 75 |
| **Управен** | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | 138 | 369 | 33 | 102 | 1 | 643 |

Состојбата кај апелационите судови по однос на **одбиени ревизии** во 2024 година, изгледа вака:

| Суд | Вкупно решени ревизии | Одбиени ревизии | Процент на одбиени ревизии |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 403 | 236 | 58,6 |
| **Битола** | 133 | 79 | 59,3 |
| **Штип** | 32 | 19 | 59,3 |
| **Гостивар** | 75 | 35 | 46,7,1 |
| **Управен** | / | / | / |
| **Вкупно** | 643 | 369 | 57,3 |

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со **преиначени одлуки** во 2024 година, е следна:

| Суд | Вкупно решени ревизии | Преиначени одлуки | Процент на преиначени ревизии |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 403 | 24 | 6 |
| **Битола** | 133 | 9 | 6,8 |
| **Штип** | 32 | / | 0 |
| **Гостивар** | 75 | / | 0 |
| **Управен** | / | / | / |
| **Вкупно** | 643 | 33 | 5,1 |

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со **укинати одлуки** во 2024 година, изгледа вака:

| Суд | Вкупно решени ревизии | Укинати одлуки | Процент на укинати одлуки |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 403 | 62 | 15,3 |
| **Битола** | 133 | 19 | 14,3 |
| **Штип** | 32 | 7 | 21,9 |
| **Гостивар** | 75 | 14 | 18,7 |
| **Управен** | / | / | / |
| **Вкупно** | 643 | 102 | 15,9 |

Состојбата на апелационите судови по однос на **отфрлени ревизии** во 2024 година, е следна:

| Суд | Вкупно решени ревизии | Отфрлени ревизии | Процент на отфрлени ревизии |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 403 | 80 | 19,9 |
| **Битола** | 133 | 26 | 19,6 |
| **Штип** | 32 | 6 | 18,8 |
| **Гостивар** | 75 | 26 | 34,5 |
| **Управен** | / | / | / |
| **Вкупно** | 643 | 138 | 21,5 |

Состојбата на апелационите судови по однос на **ревизии решени на друг начин** во 2024 година, е следна:

| Суд | Вкупно решени ревизии | Решени на друг начин | Процент на отфрлени ревизии |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 403 | 1 | 0,2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 133 | / | / |
| **Штип** | 32 | / | / |
| **Гостивар** | 75 | / | / |
| **Управен** | / | / | / |
| **Вкупно** | 643 | 1 | 0,1 |

- **Останати постапки**

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, од кои биле во работа вкупно 214 предмети и од овие решени се 206 предмети, или 96,2%, а останале нерешени 8 или 3,8%.

| **Област** | **Граѓанска област** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 15 | 199 | 0 | 0 | 214 | 206 | 8 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **15** | **199** | **0** | **0** | **214** | **206** | **8** |

- **Структура на предметите**

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2024 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на **надомест на штета** – **166** предмети или **25,9%**; за **долг** – **123** предмети или **19,1 %**; **сопственост** - **108** предмети или **16,8 %**; **106** работни спорови или **16,4 %**; за **раскинување или поништување на договор** – **61** предмет или **9,4 %** ; за **издршување на деца** **- 29** предмети или **4,6 %** ; **стекнување без основ** – **18** предмети или **2,8 %**; **стечај -13** предмети или **2%** ; **извршување** – **8** предмети или **1,2 %** ; **авторски права** – **7** предмети или **1,1 %**; **одземање деловна способност** – **1** предмет или **0,1 %**; **друг вид на предмети** – **3** предмети или **0,5 %**;

| **Основ** | **2024** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Издршка** | 29 |
| **Надомест на штета** | 166 |
| **Стекнување без основ** | 18 |
| **Поништување и раскинување на договор** | 61 |
| **Долг** | 123 |
| **Сопственост и владение** | 108 |
| **Работни спорови** | 106 |
| **Стечај** | 13 |
| **Авторски права** | 7 |
| **Извршување** | 8 |
| **Одземање деловна способност** | 1 |
| **Други** | 3 |
| **Вкупно** | 643 |

- **Траење на постапката**

Во 2024 година од вкупно решени 643 предмети, траењето на постапката над три години било во 1 предмет; од 1 до 3 години била кај 334 предмети; од 8 месеци до 1 година кај 120 предмети; од 6 до 8 месеци кај 21 предмети; од 3 до 6 месеци било кај 60 предмети; од 2 до 3 месеци кај 55 предмети, од 1 до 2 месеци кај 123 предмети, до 1 месец траела постапката кај 135 предмети.

| | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | од 1 до 2 мес. | од 2 до 3 мес. | од 3 до 6 мес. | од 6 до 8 мес. | од 8 мес.до 1 год. | од 1 до 3 години | над 3 години | Останати за работа | Примени нови предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за граѓански предмети | 724 | 366 | 14 | 30 | 19 | 30 | 11 | 62 | 199 | 1 | 358 | 367 |
| Уписник за работни спорови | 177 | 108 | 4 | 3 | 3 | 7 | 1 | 35 | 55 | | 69 | 74 |
| Уписник за разни граѓански предмети | 214 | 206 | 107 | 68 | 24 | 4 | 1 | 2 | | | 8 | 199 |
| Уписник за трговски спорови | 292 | 169 | 10 | 22 | 9 | 19 | 8 | 21 | 80 | | 123 | 135 |
| **ВКУПНО** | 1407 | 849 | 135 | 123 | 55 | 60 | 21 | 120 | 334 | 1 | 558 | 775 |

- **Останати активности**

Во текот на 2024 година Одделот за граѓански дела, одржа 7 седници. На седниците е расправано за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите и правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови и други подносители, по кои се утврдени 4 правни мислења и 2 заклучоци кои се објавени на веб страната и 4 утврдени и објавени сентенци. Во Одделот за граѓански дела беше постапувано по 67 разни граѓански предмети заведени под ознаката Гр за поставени правни прашања.

### 2.1.2. Оддел за казниви дела

Во Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2024 година по казнено-правни предмети постапуваа вкупно седум судии од кои пет судии во редовен состав и двајца судии како замена на член на совет. Судиите од Одделот за казниви дела, учествуваа во работењето на Општата седница и седниците на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и во бројни други активности насочени кон поефикасна и подобра примена на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот, пресудите на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, како и во вонпредметните активности и во континуитет придонесуваа за подобро остварување на улогата на Врховниот суд на Република Северна Македонија во обезбедување на единствена примена на законите од страна на судовите, посебно кога се работеше за примена на законите од областа на казненото право. Во Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2024 година, беа распоредени шест раководни и стручни судски службеници, кои изготвуваа нацрт одлуки по сите основи и видови и нацрт сентенци.

- **Обем на работа**

Во текот на извештајната 2024 година, новопримени се 351 предмет, останати од месец декември 2023 година биле 46 предмети, или вкупно во работа биле 395 предмети по сите основи. Во текот на извештајната година, судиите решиле 356 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 39 предмети по сите основи. Според наведените податоци, приливот на предмети е совладан за 90,12%, а сите заостанати 46 предмети се решени во 2024 година, што укажува дека Одделот за казниви дела во 2024 година е ефикасен во постапувањето и одлучувањето.

Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во 2024 година е даден во следната табела:

| вид на предмети | Останати од XIIмесец 2023 | Примени во 2024 | Погрешно заведени | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВУК | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| КЗЗ | 3 | 43 | 0 | 46 | 42 | 4 |
| КР | 1 | 43 | 0 | 44 | 41 | 3 |
| КВП-КОК2 | 9 | 23 | 0 | 32 | 28 | 4 |
| ВКЖ1 | 1 | 51 | 0 | 52 | 52 | 0 |
| ВКЖ2 | 7 | 62 | 0 | 69 | 60 | 9 |
| КВП2 | 22 | 127 | 2 | 147 | 128 | 19 |
| КПД | 2 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| ВКУПНО | 46 | 351 | 2 | 395 | 356 | 39 |

Остатокот од вкупно нерешени 39 предмети на крајот на 2024 година, се должи

на тоа што дел од предметите биле пратени на мислење во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија во тековната 2024 година, а не биле вратени во Судот на одлучување до 31.12.2024 година, додека дел биле во фаза на изготвување на одлука, односно не биле верификувани до 31.12.2024 година.

- **Структура на решените предмети по видот на кривичните дела**

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела од вкупно 356 предмети е следна:

**ГЛАВА XIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО**

31 предмет за кривично дело – Убиство од член 123;

6 предмети за кривично дело – Телесна повреда од член 130;

3 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда од член 131;

**ГЛАВА XV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДИТЕ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ**

1 предмети за кривично дело – Спречување или смеќавање јавен собир од член 155;

3 предмети за кривично дело – Грабнување од член 141;

2 предмети за кривично дело – Малтретирање во вршење на службата од член 143;

9 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста од член 144;

3 предмети за кривично дело – Злоупотреба на лични податоци од член 149;

1 предмет за кривично дело – Неовластено снимање од член 152

**ГЛАВА XVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ И ГЛАСАЊЕТО**

1 предмет за кривично дело – Спречување на избори и гласање од член 158;
1 предмет за кривично дело – Поткуп при избори и гласање од член 162.

**ГЛАВА XVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

1 предмет за кривично дело – Повреда на правата од работен однос од член 166.

**ГЛАВА XIX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ**

7 предмети за кривично дело – Силување од член 186;
2 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице од член 187;
2 предмети за кривично дело – Силување на дете кое не наполнило 15 години од член 188;
11 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години од член 188;
1 предмет за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата од член 189;
1 предмет за кривично дело – Задоволување на полови страсти пред друг од член 190;
2 предмети за кривично дело – Посредување во вршење проституција од член 191 ;

1 предмет за кривично дело – Родоскврнавење од член 194 .

**ГЛАВА XX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БРАКОТ, СЕМЕЈСТВОТО И МЛАДИНАТА**

4 предмети за кривично дело-Запуштање и малтретирање на малолетно лице од член 201;
1 предмет за кривично дело-Неплаќање издршка од член 202.

**ГЛАВА XXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО**

1 предмет за кривично дело – Непостапување по здравствените прописи од член 206;
55 предмети за кривично дело-Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 ;
2 предмети за кривично дело-Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217.

**ГЛАВА XXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**

2 предмети за кривично дело - Узурпација на недвижности од член 225;
2 предмети за кривично дело – Незаконит лов од член 228.

**ГЛАВА XXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ**

4 предмети за кривично дело – Кражба од член 235;
7 предмети за кривично дело – Тешка кражба од член 236;
19 предмети за кривично дело – Разбојништво од член 237;
2 предмети за кривично дело – Оштетување туѓи предмети од член 243;
1 предмет за кривично дело – Бесправно градење од член 244-а;
6 предмети за кривично дело – Измама од член 247;
1 предмет за кривично дело – Злоупотреба на довербата од член 252;
1 предмет за кривично дело – Лажен стечај од член 254;
2 предмети за кривично дело – Изнуда од член 258;
2 предмети за кривично дело – Уцена од член 259.

**ГЛАВА XXV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО**

1 предмет за кривично дело - Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување од член 271;
5 предмети за кривично дело - Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273;
1 предмет за кривично дело- Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в;
2 предмети за кривично дело – Криумчарење од член 278;
4 предмети за кривично дело – Даночно затајување од член 279;

**ГЛАВА XXVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК- КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ НА ЛУЃЕТО И ИМОТОТ**

3 предмети за кривично дело-Предизвикување општа опасност од член 288;
3 предмети за кривично дело- Тешки дела против општата сигурност од член 292.

**ГЛАВА XXVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БЕЗБЕДНОСТА НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

3 предмети за кривично дело - Загрозување на безбедноста на сообраќајот од член 297;
19 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од член 300;

**ГЛАВА XXVIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА**

1 предмет за кривично дело – Служба во непријателска војска од член 322 ;
1 предмет за кривично дело – Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од член 322-а.

**ГЛАВА XXX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК- КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ**

16 предмети за кривично дело–Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353;
1 предмет за кривично дело – Неизвршување наредба од член 353-б
3 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата од член 353-в;
1 предмет за кривично дело – Давање поткуп од член 358;
4 предмети за кривично дело – Примање поткуп од член 357;
1 предмет за кривично дело – Одавање службена тајна од член 360.

**ГЛАВА XXXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО**

1 предмет за кривично дело – Поднесување лажни докази од член 366-а;
1 предмет за кривично дело – Неизвршување судска одлука од член 377;

**ГЛАВА XXXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

2 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа од член 378;
1 предмет за кривично дело – Употреба на исправа со невистинита содржина од член 380;

**ГЛАВА XXXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД**

5 предмети за кривично дело – Самовластие од член 392;
4 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување од член 394 ;
1 предмет за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие од член 382;

3 предмети за кривично дело - Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста од член 383;
16 предмети за кривично дело – Насилство од член 386;
9 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од член 396;
1 предмет за кривично дело – Недозволено преминување на државната граница од член 402;

**ГЛАВА XXXIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК - КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО**

1 предмет за кривично дело Воено злосторство против цивилно население од член 404;
8 предмети за кривично дело – Криумчарење на мигранти од член 418-б;
2 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти од член 418-в;
2 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице од член 418-г;

Структурата на решените предмети по видот на прекршоци е следна:

5 предмети-прекршок од ЗБСП ;
3 предмети-прекршок од Закон за јавен ред и мир;
4 предмети-прекршок од Царински закон;
1 предмети-прекршок од Закон за возила;
3 предмети-прекршок од Закон за шуми;
1 предмет-прекршок од Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари;
1 предмети-прекршок од Закон за оружјето;
1 предмети-прекршок од Закон за инспекциски надзор;
1 предмет-прекршок од областа на државната управа со штетна последица
1 предмет-прекршок од областа на финансиите

Од вкупно решените 156 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, како и од вкупно 42 решени предмети по барање за заштита на законитоста, по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

| | Со 1 лице | Со 2 лица | Со 3 лица | Со 4 лица | Со 5 лица | Со 10 лица | 15 лица | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КВП2 | 119 | 7 | 1 | 1 | | | | 128 |
| КВП-КОК2 | 19 | 5 | 1 | 2 | 1 | | | 28 |
| Вкупно | 141 | 12 | 2 | 3 | 1 | 0 | 0 | 156 |

Вкупниот број на предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда-КВП2 и КВП КОК2 по апелациони судови е прикажан во следната табела:

| судови | КВП2 | | КВП-КОК2 | |
|---|---|---|---|---|
| | решени | нерешени | решени | нерешени |
| Апелационен суд Скопје | 73 | 12 | 28 | 4 |
| Апелационен суд Битола | 19 | 12 | | |
| Апелационен суд Штип | 15 | 3 | | |
| Апелационен суд Гостивар | 20 | 3 | | |
| ВКУПНО | 128 | 19 | 28 | 4 |

- **Начин на решавање по сите основи**

Состојбата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела, е прикажана во следната табела:

| вид на предмети | Одбиени | Уважени | На друг начин | Отфрлени | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | 47 | 1 | / | 4 | 52 | / |
| ВКЖ2 | 35 | 17 | / | 8 | 60 | 9 |
| КВП2 | 92 | 13 | / | 23 | 128 | 19 |
| ВУК | 2 | / | / | / | 2 | / |
| КЗЗ | 15 | 27 | / | / | 42 | 4 |
| КР | 4 | 1 | 36 | / | 41 | 3 |
| КВП-КОК2 | 24 | 2 | / | 2 | 28 | 4 |
| КПД | 1 | 1 | / | 1 | 3 | / |
| ВКУПНО | 220 | 62 | 36 | 38 | 356 | 39 |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови е прикажана во следната табела:

| Апелациони судови | Одбиени | Укинати I и II пресуда | Укината II пресуда | Преиначени | Констатира повреда | Вкупно решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 10 | 3 | 5 | / | 4 | 22 | 3 |
| Битола | / | 1 | 2 | / | 1 | 4 | |
| Штип | 3 | 1 | 2 | 1 | 2 | 9 | 1 |
| Гостивар | 2 | / | 1 | 1 | 3 | 7 | |
| Вкупно | 15 | 5 | 10 | 2 | 10 | 42 | 4 |

Видно од табелата, од вкупно решените 42 барања за заштита на законитоста, 15 се одбиени како неосновани, од 17 уважени предмети во 5 предмети се укинати и

првостепената и второстепената пресуда, во 10 предмети е укината само второстепената пресуда, 2 предмети се преиначени и во 10 предмети е констатирана повреда на КЗ, а нерешени останале 4 предмети.

По апелациони подрачја на решени и нерешени предмети состојбата е следна: 25 предмети од Апелациониот суд Скопје, 22 предмети се решени и 3 нерешени, 4 предмети од Апелациониот суд Битола, од кои 4 се решени, 10 предмети од Апелациониот суд Штип од кои 9 решени и 1 нерешен и 7 предмети од Апелациониот суд Гостивар од кои сите 7 предмети се решени.

Со едно осудено лице имало 34 предмети, со две лица 3 предмети, со три лица 1 предмет, со четири лица 2 предмети, со пет лица 1 предмет и со повеќе од пет лица 1 предмет.

| **КЗЗ** | **Со 1 лице** | **Со 2 лица** | **Со 3 лица** | **Со 4 лица** | **Со 5 лица** | **Со повеќе од 5 лица** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **34** | **3** | **1** | **2** | **1** | **1** | **42** |

Состојбата на предметите во постапка на трет степен – **ВКЖ1** по жалби на решенија на притвор и по жалби на пресуди на Апелационите судови - **ВКЖ2** е прикажана во следните табели:

**ВКЖ1- жалби на решенија на притвор**

| **Број на примени предмети во 2024 година** | **Останати од 12 месец 2023 година** | **Ново примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Отфрлени** | **Одбиени** | **Уважени** | **На друг начин** | **Решени** | **Не-решени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **1** | **23** | **32** | **4** | **47** | **1** | **/** | **28** | **4** |

**ВКЖ2 - жалби по пресуди во трет степен**

| **Број на примени предмети во 2024 година** | **Останати од 12 месец 2023 г.** | **Ново примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Отфрлени** | **Одбиени** | **Уважени** | **На друг начин** | **Решени** | **Не-решени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **7** | **62** | **69** | **8** | **35** | **17** | **/** | **60** | **9** |

По жалба на решенија за притвор – **ВКЖ1** од вкупно решените 52 жалби, 47 се одбиени како неосновани, во 1 предмет одлуката е преиначена, во 4 предмети, жалбите се отфрлени и не останал нерешен предмет.

По жалба по пресуди во трет степен – **ВКЖ2** од вкупно решените 60 жалби, 35 се одбиени како неосновани, во 3 предмети одлуките се преиначени, укинати се 14 предмети по жалба и во 8 предмети жалбите се отфрлени, а останале нерешени 9 предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

**ВУК -вонредно ублажување на казната**

| **Број на примени предмети** | **Остана од 12 месец** | **Ново примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Отфрлени** | **Одбиени** | **Уважени** | **На друг начин** | **Решени** | **Не-решени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во 2024 година | 2023 г. | | | | | | | | |
| Вкупно | 1 | 1 | 2 | / | 2 | / | | 2 | 0 |

Од 2023 година останал нерешен 1 предмет, новопримени во 2024 година е 1 предмет, вкупно во работа биле 2 предмети од кои решени се 2 предмети, сите одбиени, нема нерешени.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Северна Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

**КР- разни кривични предмети**

| Број на примени предмети во 2024 година | Остана од 12 месец 2023 година | Ново примени | Вкупно во работа | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Не-решени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1 | 43 | 44 | / | 4 | 1 | 36 | 41 | 3 |

Од 2023 година останал нерешен 1 предмет, новопримени во 2024 година се 43 предмети, вкупно во работа биле 44 предмети, од кои решени се 41 предмети, а останале нерешени 3 предмети. По видот на одлуката: нема предмети кои се отфрлени, 4 предмети се одбиени, 1 предмет е уважен и 36 предмети се решени на друг начин.

- **Времетраење на постапката по основи и по предмети**

Во однос на времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Северна Македонија од приемот на предметите до нивно решавање и експедиција, може да се констатира дека во 2024 година ажурно се постапувало по сите видови предмети. Од вкупно решените 356 предмети, во:

- 132 предмет постапката е завршена за период од 1 месец
- 53 предмети постапката е завршена за период од 3 месеци
- 7 предмети постапката е завршена за период од 3 месеци до 6 месеци
- нема предмети каде постапката е завршена за период од 6 до 12 месеци
- 1 предмет каде постапката е завршена за период подолг од 1 година

По одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до

осудениот, доставени докази во фотокопии, достава до Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и слично). Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно административно да се вратат на судовите или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

- **Седници на Одделот и други активности**

Одделот за казниви дела во текот на 2024 година одржа повеќе седници, на кои постапуваше и расправаше по добиени материјали, прашања, поднесени иницијативи и барања.

Одделот за казниви дела во текот на 2024 година усвои една сентенца.

**2.1.4 Оддел за судење во разумен рок**

Согласно Законот за судовите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година, судиите од Одделот за судење во разумен рок во текот на 2024 година постапуваа по предмети оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок и жалби против решенијата на советите од тројца судии по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок.

Покрај работата по конкретни предмети од Одделот за судење во разумен рок и на седници на Одделот, каде беа разгледувани тековни прашања и донесени заклучоци по правни прашања од значење за постапување на советите и воедначување на праксата на Врховниот суд на Република Северна Македонија со праксата на Европскиот суд за човекови права, судиите учествуваа во работата по предмети во кривичниот и граѓанскиот Оддел, како и во Одделот за судска практика. Судиите од Одделот учествуваа во работењето на Општата седница и седниците на судии на Врховниот суд и во активности насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани со Уставот, како и во вонпредметни активности насочени кон подобрување на улогата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Во Одделот за судење во разумен рок со Годишниот распоред за работа на претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија од 2024 година и Одлуките за изменување и дополнување на Годишниот распоред, судиската функција ја извршуваа 10 (десет) судии, од кои 8 судии редовни членови на советите и двајца судии - заменици членови на советите, распоредени во еден првостепен совет од 3 (тројца) судии и еден второстепен жалбен совет од 5 (пет) судии

Со Годишниот распоред за работа на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија од 2024 година и Одлуките за изменување и дополнување на Годишниот распоред, во советите на Одделот за судење во разумен

рок, беа распоредени 7 (седум) судски советници, кои поединечно постапуваа по предметите, а во писарницата на Одделот работе двајца судски службеници.

- **Обем на работа на Одделот**

Одделот за судење во разумен рок, постапувал по предмети оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок во прв степен и по жалби против решенијата на советот од тројца судии по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок во втор степен, согласно Законот за измена и дополнување на Законот за судовите (член 36-а).

Во текот на 2024 година, Одделот во работа имал 216 предмети, од кои 190 новопримени предмети, 23 нерешени предмети од претходниот извештаен период и 3 предмети повторно во работа.

Во 2024 година, на ниво на Оддел решени се 178 предмети, а незавршени останале 38 предмети.

Првостепениот совет во работа имал 143 предмети, од кои 124 - новопримени предмети, 17 - незавршени од претходниот извештаен период и 2 - повторно во работа. Првостепениот совет, решил 116 предмети, додека 27 предмети останале незавршени.

Второстепениот совет во работа имал 73 предмети, од кои 66 новопримени предмети, 6 - нерешени од претходниот извештаен период и 1 предмет повторно во работа. Второстепениот совет решил 62 предмет, а 11 предмети останале нерешени.

## Врховен суд на Република Македонија - извештај за период: 1.2024 - 12.2024 за оддел во разумен рок

| **Област** | **Судење во разумен рок** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - второстепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - жалби | 6 | 66 | 1 | 0 | 73 | 62 | 11 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **6** | **66** | **1** | **0** | **73** | **62** | **11** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - Управна | 9 | 25 | 1 | 0 | 35 | 29 | 6 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 5 | 19 | 0 | 0 | 24 | 20 | 4 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 3 | 80 | 1 | 0 | 84 | 67 | 17 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **17** | **124** | **2** | **0** | **143** | **116** | **27** |
| **Вкупно - област** | **23** | **190** | **3** | **0** | **216** | **178** | **38** |

•

- **Начин на решавање на предметите во Одделот**

Во 2024 година во Одделот се примени 193 предмети, од кои 126 предмети оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок и 67 предмети оформени по жалби против првостепени решенија. Според начинот на одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, од решените 178 предмети на ниво на Оддел,

- во 97 предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е одбиено како неосновано,
- во 57 предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е усвоено,
- во 24 предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е отфрлено.

Од 97 одбиени барања за заштита на правото на судење во разумен рок како неосновани,
- 23 се првостепени граѓански предмети
- 14 се првостепени управни предмети
- 4 се првостепени кривични предмети
- 56 се второстепени решенија по жалби,

Од 57 усвоени барања за заштита на правото на судење во разумен рок,
- 34 се првостепени граѓански предмети
- 12 се првостепени управни предмети
- 8 се првостепени кривични предмети
- 3 се второстепени решенија по жалби,

Од 24 отфрлени барања за заштита на правото на судење во разумен рок,
- 10 се првостепени граѓански предмети
- 3 се првостепени управни предмети
- 8 се првостепени кривични предмети
- 3 се второстепени решенија по жалби,

**Начин на решавање - разумен рок 2024**

| name | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Новопримени | Незавршени на крајот на периодот | Решени | Нерешени од претходниот период |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок,граѓанско | 10 | 23 | 34 | | 81 | 17 | 67 | 3 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,кривично | 8 | 4 | 8 | | 19 | 4 | 20 | 5 |
| Уписник за право на судење во разумен рок по жалба | 3 | 56 | 3 | | 67 | 11 | 62 | 6 |
| Уписник за право на судење во разумен рок управно | 3 | 14 | 12 | | 26 | 6 | 29 | 9 |
| **ВКУПНО** | 24 | 97 | 57 | | 193 | 38 | 178 | 23 |

- **Постапување на судиите од Одделот по месеци во 2024**

Судиите во Одделот за судење во разумен рок во текот на 2024 година решиле 178 предмети, по сите основи, имајќи го во предвид периодот на постапување во Одделот, како и улогата на судијата во советот согласно Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година и Измените на Годишниот распоред.

## Решени предмети по месеци - ПСРР - 2024

| I мес. | II мес. | III мес. | IV мес. | V мес. | VI мес. | VII мес. | VIII мес. | IX мес. | X мес. | XI мес. | XII мес. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 14 | 17 | 10 | 14 | 9 | 13 | | 21 | 22 | 14 | 37 | 178 |

- **Работа на првостепениот совет**

Во текот на 2024 година, првостепениот совет во работа имал 143 предмети од вкупно 216 предмети во Одделот.

Бројот од 143 предмети, го сочинуваат 124 новопримени предмети, 2 предмети повторно во работа и 17 предмети нерешени од претходниот извештаен период .

Првостепениот совет, решил 116 предмети, додека 27 предмети останале незавршени.

### Начин на решавање - разумен рок 2024 Прв степен

| name | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Ново примени | Незавршени на крајот на периодот | Решени | Нерешени од претходниот период | Вкупно во работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок,граѓанско | 10 | 23 | 34 | | 81 | 17 | 67 | 3 | 84 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,кривично | 8 | 4 | 8 | | 19 | 4 | 20 | 5 | 24 |
| Уписник за право на судење во разумен рок управно | 3 | 14 | 12 | | 26 | 6 | 29 | 9 | 35 |
| ВКУПНО | 21 | 41 | 54 | | 126 | 27 | 116 | 17 | 143 |

- **Структура на првостепените одлуки**

Имајќи го предвид начинот на решавање на предметите во првостепениот совет, може да се констатира дека од **решените 116 предмети**, преовладува бројот на решени предмети во кои барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **усвоено,** односно констатирана е повреда на правото на судење во разумен рок и определен е правичен паричен надоместок во вкупно **54** предмети.

Од 54 првостепени усвоени барања за заштита на правото на судење во разумен рок, преовладува бројот од 34 предмети од граѓанската материја, 12 предмети од управна материја и 8 предмети од кривична материја.

Од решените 116 првосепени предмети, 41 предмет завршиле со одбивање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок како неосновано. Овој број од 41 одбиено барање, го сочинуваат 23 предмети од граѓанската материја, 14 предмети од управна материја и 4 предмети од кривичната материја.

Од решените 116 предмети, 21 предмет завршиле со отфрлање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Бо овој број преовладуваат 10 предмети од граѓанска материја, 3 предмети од управна материја и 8 предмети од кривична област.

Анализата на број на решени предмети пред првостепениот совет и параметрите согласно начинот на одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок во извештајниот период, покажува дека преовладува бројот на решени предмети од граѓанската материја, во кои барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е усвоено односно утврдена е повреда на правото на судење во разумен рок, досуден е правичен паричен надоместок и определен е рок, во кој што, судот кој постапува треба да ја заврши постапката, во случаите кога постапката е во тек.

Нерешени останале 27 барања за заштита на правото на судење во разумен рок од кои преовладуваат 17 предмети од граѓанска материја, 6 предметите од управна материја и 4 предмети од кривична материја.

Имајќи ги во предвид параметрите, кои ги цени советот при одлучување по конкретно барање за заштита на правото на судење во разумен рок, како што се сложеноста на предметот, времетраење на постапката, однесување на странките во постапката и однесување на судот кој постапувал, најчестите повреди на постапката за заштита на правото на судење во разумен рок, која завршила со усвојување на барањето и определувањето на правичен надоместок, можеме да констатираме кај предметите од граѓанската материја, каде е и најголем број на предмети кои останале во работа, што се должи на ненавремено доставување на списи по предметите од судот, како и траењето на постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија поради изземањето на судиите членови на советот и определувањето на заменик член на советот или формирањето на времен совет кој ќе постапува по барањата, во случаите на усвоени барања за изземање.

- **Време на постапување на првостепениот совет**

Пред првостепениот совет **решени се 116** предмети, во кои времетраењето на постапување по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од прием на барањето, испраќање на писма – барања за достава на предметите од судовите пред кои постпката е во тек, комплетно оформување на предметот со барање на податоци од подносителите, изработка на писмен извештај, реферирање на предметот од судијата - известител, па се до верификација на писмена изработената одлука.

**Траење на постапка - Разумен рок за 2024 год. Прв степен**

| name | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Упсник за право на судење во разумен рок управно | 35 | 29 | | 4 | 3 | 14 | 8 | 6 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,граѓанско | 84 | 67 | 6 | 14 | 23 | 22 | 2 | 17 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,кривично | 24 | 20 | 1 | 2 | 5 | 8 | 4 | 4 |
| ВКУПНО | 143 | 116 | 7 | 20 | 31 | 44 | 14 | 27 |

Времетраењето на постапката пред првостепените совети, може да се заклучи дека преовладува бројот на решени барања во период кој не ја надминува законски определената рамка од 6 месеци. Најчеста причина за пречекорување на рокот од 6 месеци, (во 14 првостепени предмети и 27 нерешени предмети) како законска рамка за решавање на овој вид предмети, како и минатата година, е пред се ненавременото доставувањето на оригиналните списи по предметите на кои се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, особено на предметите каде постапката пред пониските судови е во тек, како и траењето на постапката пред овој Суд потребна за определување на заменик - член на совет или формирање на времен совет, по претходно усвоени барања за изземање на судиите - членови на советот.

Потенцираме дека бројот од 27 нерешени предмети пред судиите на првостепениот совет, исклучиво е последица предизвикан поради ненавремено комплетирање на списите по предметите оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок и неекипираноста на овој Суд.

- **Обем на работа на второстепениот совет**

Во текот на 2024 година, второстепениот жалбен совет во работа имал 73 предмети од вкупниот број 216 предмети во Одделот.

**Сумарен преглед за движење на предмети во Разумен рок за 2024 година Втор степен**

| Уписник | Нерешени од претходна Година | Ново примени | Предадени на друг судија | Примени од друг судија | Вкупно во работа | Решени | Незавршени на крајот на Годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок по жалба | 6 | 67 | 12 | 12 | 73 | 62 | 11 |

Бројот од 73 предмети пред жалбениот совет, го сочинуваат 67 новопримени предмети и 6 предмети кои останале нерешени од претходниот период. Второстепениот совет решил 62 предмети додека нерешени останале 11 предмети.

Според начинот на одлучување на 62 жалби против првостепените решенија,

- во 56 предмети жалбата е одбиена како неоснована,

- во 3 предмети жалбата е усвоена и

- во 3 предмети жалбата е отфрлена,

**Начин на решавање - разумен рок 2024 Втор степен**

| name | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Ново примени | Незавршени на крајот на периодот | Решени | Нерешени од претходниот период | Вкупно во работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок по жалба | 3 | 56 | 3 | | 67 | 11 | 62 | 6 | 73 |
| **ВКУПНО** | 3 | 56 | 3 | | 67 | 11 | 62 | 6 | 73 |

Анализата на вкупниот број решени предмети во вторестепениот совет дадени по структура покажува дека провладува бројот на **решени** предмети, а параметрите на **усвоени, одбиени и отфрлени барања**, во извештајниот период покажуваат дека преовладува бројот на решени – предмети **со одбивање на жалбата како неоснована** односно со **потврдување на првостепеното решение** во вкупно 56 предмети или **90 %** од предметите во жалбениот совет. Од вкупно 3 (три) предмети во кои жалбата е усвоена, 2 (два) предмети се укинати и вратени на првостепениот совет на повторно постапување, додека само во 1 (еден) предмет, жалбата на подносителот е усвоена и зголемен е износто на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок.

- **Време на постапување на второстепениот совет**

Времетраењето на постапување на второстепениот совет во Врховниот суд на Република Северна Македонија надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд на Република Северна Македонија, до експедирање на второстепеното решение до подносителот на барањето.

**Траење на постапка - Разумен рок за 2024 год.**

| name | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок по жалба | 73 | 62 | 27 | 20 | 11 | 4 | 0 | 11 |
| **ВКУПНО** | 73 | 62 | 27 | 20 | 11 | 4 | 0 | 11 |

Постапувањето по решените **62** предмети**,** од страна на жалбениот совет:

- за период до **1** месец постапката е завршена во **27** предмети
- за период до **2** месеци постапката е завршена во **20** предмети
- за период до **3** месеци постапката е завршена во **11** предмети
- за период до **6** месеци постапката е завршена во **4** предмети
- останати се **11** предмети од вкупно **73** второстепени предмети .

Анализата на времето потребно за решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува **почитување на рокот од 6 месеци**, како законска рамка за постапување, во двата степени на одлучување. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 (шест) месеци во двата степени на постапување, не се имал предвид временскиот интервал за достава на првостепеното решение до подносителот на барањето, течењето на рокот за жалба, како и времето потребен за постапување пред жалбениот совет.

Значајно е да се истакне дека, намалениот број на судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија, доведе до организациски потешкотии особено при постапување на жалбениот совет во Одделот за судење во разумен рок. Ова резултираше со вкупно **11** незавршени второстепени предмети на крајот на извештајната година, од кои **4** предмети на второстепениот совет не можеа да бидат решени поради немање реална можноста за формирање на времен совет кој ќе постапува по предметите, по претходно усвоени барања за изземање на судиите - членови на советот. Овие, 4 (четири) предмети ќе се провлекуваат како нерешени предмети и во наредните месечни извештаи на второстепениот жалбен совет, на судиите – известители, и тоа: ПСРРЖ.бр.55/24 и ПСРРЖ.бр 47/24 на судија - известител Цветанка Периќ, ПСРРЖбр.33/24 на судија - известител Владимир Стојановски и ПСРРЖ бр.43/24 на судија - известител Катерина Георгиева.

- **Правичен надоместок**

Одделот за судење во разумен рок во извештајната 2024 година, од решените 178 предмети на ниво на Оддел, усвоил **57** барања на подносителите за заштита на правото на судење во разумен рок во двата степени на постапување, утврдил повреда на правото на судење во разумен рок и определил правичен паричен надоместок, кој во вкупен износ на ниво на Оддел изнесува **2.243.100** денари.

Износот од **2.243.100** денари на име правичен надоместок за 2024 година, претставува збир од вкупно досудениот надоместок од страна на **првостепениот совет** во износ од **2.233.100** денари за **54** усвоени барања од страна на првостепениот совет и досудениот надоместок на **второстепениот** жалбен совет во износ од **10.000** денари за **1 (една)** усвоена жалба на второстепениот жалбен совет.

- **Работа на Одделот за судење во разумен рок**

Во текот на 2024 година, Одделот за судење во разумен рок одржа 7 (седум) седници на кои освен тековните прашања од значење за работа на Одделот, како што се месечните извештаи за движење на предметите во Одделот, беа донесени два интерни заклучока за работата на советите и еден заклучок објавен на веб страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

- **Заклучни согледување на Одделот за 2024година**

Одделот за судење во разумен рок, во извештајниот период, постапувал по **216** предмети, по сите основи, во двата степени на одлучување. **Нерешени од претходната година** останале **23** предмет, **новопримени** биле **190** предмети, а **3** предмети биле повторно во работа. Во текот на извештајната година, **решени** се **178**

предмети, а **незавршени** останале **38** предмети. Можеме да заклучиме дека, приливот не предмети во Одделот не е совладан, односно дека заостатокот на предмети на ниво на Оддел не е намален.

Имајќи го предвид наведеното, сепак можеме да резимираме дека и покрај намалениот број на судии со кои располагаше Одделот и времето потребно за комплетирање на списите на предметите, сепак судиите, судските советници и вработените во писарница на Одделот, во текот на извештајната **2024** година, значително придонесоа во работењето Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Ваквиот начин на работа, дава за право Одделот и понатаму да продолжи да работи со востановениот начин на одлучување по предметите во разумен рок со изработка на квалитетни одлуки, како и со заложба за решавање на проблемот околу достава на списи по предметите, се со цел почитување на законски предвидените рокови.

### 2.1.5. Судска управа

Во текот на 2024 година Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија постапувал по предметите од судска управа прикажани во следната табела:

| **Област** | **Судска управа** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети од судска управа | 0 | 3129 | 0 | 1 | 3128 | 3128 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **3129** | **0** | **1** | **3128** | **3128** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Слободен пристап до информации | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 72 | 4 | 1 | 75 | 75 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **80** | **4** | **1** | **83** | **83** | **0** |
| **Вкупно - област** | **0** | **3209** | **4** | **2** | **3211** | **3211** | **0** |

- **Претставки, предлози и други обраќања до Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија**

Во текот на 2024 година во Врховниот суд на Република Северна Македонија, примени се вкупно 75 претставки заведени во УПП уписникот.

Од вкупно доставените претставки заведени во уписникот УПП, 46 се барања за приоритетно решавање на предметите, а 29 се поднесоци-претставки од други граѓани, институции и државни органи.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија од вкупно примените 46 барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил 11 барања, одбил 24 барања, додека пак за останатите 11 добиени се податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот понизок суд.

По доставените поднесоци по разни основи заведени во уписникот УПП, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставки и предлози, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

- **Барања за изземања – уписник СУ-ИЗЗ**

Во текот на 2024 година во Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесени  се вкупно 198 барања за изземање од кои:

- 1 барање од странка за изземање на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија;

- 8 барања од странки за изземање на претседател на понизок суд;

- 19 барања за изземање од претседател на понизок суд;

- 170 барања за изземање поднесени од судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### 3.1.Организациска поставеност и систематизација, планирани и реализирани вработувања

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, утврдено е судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија да ја извршуваат 28 судии. Извештајната 2024 година судот ја започна со 15 судии, вклучувајќи го и претседателот на Судот. На еден судија судиската функција му е во мирување по негово барање, за период од 31.12.2021 година до 31.01.2026 година. Во првото тромесечие на 2024 година утврден е престанок на судиската функција на еден судија поради исполнување на услови за старосна пензија (јануари 2024). Од јуни 2024 година судиската функција на еден судија е во мирување поради избор за член на Судскиот совет. Во третото тромесечие на 2024 година утврден е престанок на судиската функција на еден судија поради исполнување на услови за старосна пензија (август 2024) со што бројот на судии што ја извршуваа судиската функцијата до крајот на 2024 година изнесува 13 судии, вклучувајќи го и претседателот на Судот и двајцата судии на кои судијската функција им е во мирување.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, подолг период функционира во непотполн состав што е под граница на потребниот минимум за нормално функционирање на Судот, со оглед на неговите надлежности, работа на Општа седница, работа во четири оддели Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска практика. Со оглед на тоа да, согласно Законот за судовите, за судија на Врховен суд може да биде избрано лице од редот на судии од апелационен суд, предизвикува голем број на изземања на судиите и потреба за реорганизација и прераспоредување со континуирана ангажираност и работа на судиите во сите оддели, како и континуирана ангажираност и работа на стручните судски службеници во повеќе совети.

По престанок на работниот однос по сила на закон поради исполнување на услови на старосна пензија на судскиот администратор во Врховниот суд на Република Северна Македонија во септември 2023 година, претседателот на Судот ги извршуваше работите од делокругот на судската управа согласно закон. Во Врховниот суд на Република Северна Македонија е формирана канцеларија на претседателот на Судот организирана од негова страна со сопствен тим за работа кои по добиените упатства ги вршеа работите од судската управа, а согласно донесените внатрешни процедури.

Согласно Законот за судовите, Законот за судска служба, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места утврдена е внатрешната организација, работните места и бројот на извршители потребни за извршување на надлежностите на Врховниот суд на Република Северна Македонија класифицирани во три групи (раководни, стручни и помошно стручни судски службеници), како и лица вработени во судот кои вршат технички и помошни работи и немаат статус на судски службеници.

Од предвидениот број на судски службеници предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места може да се констатира дека бројот на судските службеници во судот не ги задоволува потребите согласно обемот на работата и сложеноста на надлежноста на Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд во државата.

Судските службеници распоредени на работно место со решение, поради обемот на работата, надлежноста на судот и недоволниот број на судски службеници, со Годишниот распоред за работа на судската администрација за 2024 година, се распоредуваа да извршуваат повеќе работни задачи.

Во изминатиот период се констатира континуиран одлив и упразнување на работни места од сите категории на судски службеници по различни основи. И покрај тоа беше поднесено барање за вработување на судски службеници на неопредлено време, како и унапредување на судски службеници со предвидени работни места со звање во Годишниот план за вработување во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година, од страна на надлежното министерство до крајот на извештајната година не се доби позитивен одговор.

Во текот на 2024 година констатиран е престанок на работен однос на 5 (пет) лица вработени во судската служба и тоа на 3 (три) судски службеници 1 (еден) од категорија В ниво В1, 2 (два) од категорија Г ниво Г1 и ниво Г2 им престана работниот однос по сила на закон поради исполнување на услови на старосна пензија, на 1 (едно) лице вработени во судската служба на работно место хаус мајстор престанат е работниот однос по негово барање и на 1 (едно) лице вработено во судската служба на работно место хигиеничар престанат е работниот однос по сила на закон.

Ако се има предвид и претходниот период со работните места упразнети по различни основи укажува дека бројот на судски службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите, меѓутоа, судските службеници навремено, ажурно, стручно и професионално ги извршуваа работните задачи и покрај отежнатото функционирање на судот поради необезбедување финансиски средства за вработување на потребниот кадар.

Врховниот суд на Република Северна Македонија 2023 година, ја заврши со 65 вработени во судската служба од кои 52 судски службеници и тоа: категорија Б-раководни судски службеници 16 извршители, категорија В-стручни судски службеници 18 извршители, категорија Г-помошно стручни судски службеници 18 извршители, 5 припадници на судската полиција и тоа: категорија Б- 5 извршители, категорија В- 2 извршиели, како и 8 лица вработени во судот кои вршат технички и помошни работи. Вака намалениот број на судски службеници не коинцидира со сложениот обем на работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, но намалениот број на стручен кадар, како и намалениот број на судии не влијае на квалитетот и квантитетот на работа, но тоа е поради присуството на професионален ентузијазам и вложување на максимален труд на судските службеници и судиите Врховниот суд на Република Северна Македонија.

### 3.2.Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот според стандардите

Обезбедувањето на Врховен суд на Република Северна Македонија во изминатата 2024 година се вршеше на начин опишан во Планот за обезбедување на судот**,** а припадниците на судската полиција ги спроведуваа упатствата и наредбите добиени од претседателот на судот кои беа во рамките на законските и подзаконските акти за работа на судската полиција.

Припадниците на судската полиција во текот на 2024 година своите работни задачи ги извршија согласно на нивните законски и подзаконските акти со што недозволија нарушување на редот и мирот во судот и се грижеа за безбедноста на вработените во судот, странките и сите лица кои влегуваа во судот со цел да си ги остварат своите граѓански права.

Кадровска екипираност со која се соочуваше судската полиција во Врховен суд на Република Северна Македонија во текот и на претходните години согласно на Одлуката за утврдување на бројот на лицата за вршење на работите на судската полиција (Службен весник на Република Македонија бр.64/11), не е потполнета, па поради тие причини а согласно Планот за обезбедување на судот, кај судската полиција во Врховен суд на Република Македонија се појавуваа прекувремени часови.

Согласно на член 2 од Уредбата за вооружувањето и опремата на припадниците на судската полиција (Службен весник на Република Македонија бр.5/13) потребно е набавка на гумена палка, средства за врзување и батериска лампа кои ќе допридонесат за зголемување на безбедноста во судот.

Завршена е постапката за набавка на униформата на судската полиција во Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно на Уредбата за ознаките за звањата и униформата на припадниците на судската полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 5/13) и Уредбата за времетраењето на облеката, чевлите и посебната лична опрема на припадниците на судската полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 5/13).

## 4. УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКТИКА

Согласно со Законот за судовите, Судскиот деловник, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Програмата за работа на Одделот за судска практика за 2024 година, Одделот за судска практика во текот на 2024 година, работеше на остварување на основната цел, насоките и приоритетите во воедначување на примената на законот и следење на судската практика на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

### 4.1 Обем и квалитет на работата

Одделот за судска практика, во рамки на своето редовно работење, одржа 6 седница во текот на 2024 година. Во остварување на основната цел - доследно следење и унифицирање на судската практика, Одделот за судска практика во текот на 2024 година, утврдените начелни ставови на Општата

седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, правни мислења, заклучоци и сентенци на специјализираните оддели, ги евидентираше во посебна книга и електронски со систематизирање по правни области, при што ги објавуваше на веб страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во делот за судската практика.

Во текот на 2024 година, на веб страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија, се објавени 3 (три) начелни правни мислења, 2 (два) начелни ставови, 4(четири) правни мислења, 9 (девет) заклучоци и 5 (пет) сентенци, за кои во продолжение е даден опис.

### 4.1.2. Начелни правни мислења утврдени од Општата седница:

- Висина на неисплатени додатоци на плата;
- Надлежност за трошоци;
- Право на надомест на штета на Агенција за привремени вработувања од работодачот-корисник;

### 4.1.3. Начелни ставови утврдени од Општата седница:

- Акредитации за медиуми во граѓански предмети;
- Право на здрава животна средина;

### 4.1.4. Правни мислења утврдени од Одделот за граѓански дела:

- Определување супер вештачење во услови кога нема две спротивставени вештачења;
- Определување во одделен предмет да постапува друг суд кога судија на тој суд е странка;
- Активна легитимација на нотар како физичко лице по престанок на вршење на службата нотар;
- Трошоци на постапката за утврдување на право и исплата на придонеси за стаж на осигурување со зголемено траење;

### 4.1.5. Заклучоци

- **Заклучоци донесени од Одделот за граѓански дела:**

  - 3 (три) заклучоци донесени на работната средба на Врховниот суд и четирите апелациони судови од 19.06.2024 година;

- Заклучок за судските такси;

- Заклучок за придружен извештај и средување на списи;

- **Заклучоци донесени од Одделот за казниви дела:**

  - 5 (пет) заклучоци донесени на работната средба на Врховниот суд и четирите апелациони судови од 19.06.2024 година;

- **Заклучок донесен од Одделот за судење во разумен рок:**

  - Упис во Именикот на адвокати;

### 4.1.6 Сентенци

- **Сентенци донесени од Одделот за граѓански дела:**

- Барање за обезбедување докази – прекин на застарување;

- Обврски на гарант-платец;

- Исклучување на осигурително покритие поради постоење на забрана за управување со моторно возило која не е извршена;

- Одговорност на работодавач за обештетување;

- **Сентенци донесени од Одделот за казниви дела:**

  - Својство на службено лице;

Во текот на 2024 година, Одделот за судска практика вршеше селектирање, евидентирање и систематизирање по правни области на донесените одлуки од правна важност (значајни одлуки) на судечките совети на Врховниот суд на Република Северна Македонија во фолдерот „Судска пракса“, кој претставува интерна база на податоци достапна на сите судии и стручни судски советници на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Воедно, од страна на Одделот за судска практика се следеа одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а со цел воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која ја има Одделот за судска практика, во АКМИС програмата преку писарниците и на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија на која се објавуваат анонимизирани судски одлуки.

Во тековната година, Одделот за судска практика постапуваше по предмети заведени под СПР број, оформени по дописи во врска со примена на законите од страна на судовите во Република Северна Македонија и воедначување на судската практика.

Одделот за судска практика, ја следеше практиката Европскиот суд за човекови права во Стразбур преку анализа на одлуките и нивно селектирање со

цел нивно полесно имплементирање во одлуките на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Пресудите донесени од Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија, беа тековно ажурирани во соодветни подфолдери во фолдерот „Судска пракса на ЕСЧП“, креиран во постоечкиот фолдер „Судска пракса“, на кој начин се интерно достапни до сите судии и стручни судски соработници.

### 4.1.7. Останати активности

Претставници на Врховниот суд на Република Северна Македонија, присуствуваа на Работна средба на Врховниот суд и апелационите судови која се одржана на 19 јуни 2024 година, во Скопје, на која беа донесени и изготвени заклучоци со образложенија.

Во текот на 2024 година, Одделот за судска практика продолжи со користење на интерниот информативен систем за пребарување на судска практика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој овозможува побрзо, посигурно и поквалитетно пребарување во базата на судската практика на Судот.

Одделот за судска практика во текот на 2024 година одржа неколку работни средби со компанијата „ЕДУСОФТ“ на тема надградба на АКМИС системот со нови функционалности со цел поуспешно следење на судската практика и обезбедување единство во примената на законите од страна на судовите и правна сигурност на граѓаните.

Одделот за судска практика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во текот на 2024 година, во голем дел ги оствари зацртаните програмски задачи.

## 5. ОСТВАРЕНИ СРЕДБИ СО ПОНИСКИТЕ СУДОВИ

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија изврши посета на сите пониски судови во Реоублика Северна Македонија, согласно законските надлежности и надлежностите утврдени во Судскиот деловник.

Согласно членот 24 од Судскиот деловник, Претседателката на Врховниот суд на РСМ, ја извести Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија за извршените посети на пониските судови и го презентираше Извештајот од посетите на пониските судови, во кој се нотираат состојбите и проблемите и се даваат заклучни констатации и препораки.

Општа констатација од извршените посети на апелационите и основните судови е дека судовите во Република Северна Македонија се соочуваат со бројни проблеми кои предизвикуваат сериозни реперкусии во работењето и дека потребно е преземање на итни мерки за надминување на нотираната состојба која е алармантна.

Со посетите на судовите во Република Северна Македонија од страна на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија се овозможи

непосреден увид на состојбите во судовите и информирање за проблемите со кои се соочуваат судовите и кои предизвикуваат реперкусии во нивното функционирање. Воедно, посетите имаа за цел да се унапреди соработката помеѓу судовите во Република Северна Македонија, заснована на законските и меѓународни принципи за независност на судството од законски, функционален и финансиски аспект.

Извештаите од посетите се објавени на веб страницата на судот во категоријата „Извештаи", а во врска со презентацијата на извештаите во Врховниот суд на Република Северна Македонија се организираше настан на кој присуствуваа претседателите на судовите во државата и воедно беше повод за воспоствување на традиционален настан „Денови на судската солидарност".

## 6. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

### 6.1 Податоци за работа на Канцеларијата за односи со јавност

Информации за текот на постапките кои се водат во Судот, согласно законите и Судскиот деловник, на прашања поставени од медиумите кога се работи за предмети кои предизвикуваат поголем интерес во јавноста, како и на странките кои имаат правен интерес и други прашања се даваат преку info@vsrm.mk и portparol@vsrm.mk, преку одговори по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку Кабинетот на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

### 6.2. Јавност во работењето на судот - односи со јавноста и објавени соопштенија

Јавноста во работењето на Врховниот суд на Република Северна Македонија се обезбедува со објавување на одлуките на Врховниот суд на Република Северна Македонија, поважни податоци во врска со работењето на судот на веб-страницата www.vsrm.mk, доставување на службено соопштение преку средствата за јавно информирање и информации за работењето на судот, комуникација со медиумите и претставниците на медиумската заедница, како и со пошироката јавност.

Канцеларијата за односи со јавност (info@vsrm и portparol@vsrm.mk) преку портпаролот на Врховниот суд обезбедува континуирана комуникација со медиумите, граѓанските организации и граѓаните и имаше интензивна соработка со членовите на Советот за отворено судство и со Судско медиумскиот совет во рамките на Здружението на судии на Република Северна Македонија за прашањата кои се однесуваат на унапредувањето на транспарентноста во согласност со начелата за отворено судство.

Во текот на 2024 година на веб страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија www.vsrm.mk објавени се 131 соопштенија, објави, информации и податоци кои се однесуваат се однесуваат на работата и активностите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и 1426 одлуки на Врховниот

суд на Република Северна Македонија, помеѓу кои и предмети од висок јавен интерес за кои е објавено посебно соопштение.

Во согласност со членот 75 и членот 78 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, соопштенијата за јавност го составува портпаролот на Врховниот суд. На веб страницата на Врховниот суд во текот на 2024 година објавени се соопштенија кои се однесуваат на одржувањето на Општите седници на Врховниот суд на Република Северна Македонија; соопштенија за седниците на судии и за седниците на одделите за граѓански дела, за казниви дела, за судска практика и за судење во разумен рок; и соопштенија кои се однесуваат на одлуките на Врховниот суд за предметите за кои постои интерес од јавноста и медиумите, односно за предмети од јавен интерес.

Во извештајната година Врховниот суд објави соопштенија и известувања за донесените одлуки во врска со предмети од јавен интерес. На веб страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија објавени се и соопштенија за интервјуата, јавните настапи и изјави на претседателот на Врховниот суд; соопштенија за учествата претседателот на Врховниот суд и судиите на Врховниот суд на меѓународни и домашни конференции, трибини, симпозиуми, семинари и други настани; соопштенија за официјалните посети на Врховниот суд од страна на претставници на меѓународните и домашни институции и организации, претседатели судии и претставници од меѓународни судови и судови од други земји; соопштенија за посетите на претставници од дипломатскиот кор; соопштенија за активностите на Советот за отворено судство и врз основа на начелата на отвореното судство; соопштенија од работни средби и состаноци со претставници од граѓанските организации, здруженија и синдикати; соопштенија за организацијата на отворени денови; соопштенија за заклучоците од Општите седници, како и соопштенија во врска со реализираните активности во согласност со остварувањето на уставните и законските надлежности на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Врховниот суд на РСМ преку свој претставник учествуваше на обуките организирани од ОБСЕ, Академијата за судии и јавни обвинители и граѓанските организации во рамки на проекти поддржани од ЕУ и САД за зајакнување на капацитетите на Канцелариите за односи со јавност во правосудните институции, унапредувањето на комуникацијата со медиумите и транспаретноста, како и на настаните организирани од новинарските здруженија посветени на унапредувањето на транспарентноста на судовите.

Врховниот суд на Република Северна Македонија е оценет со високо ниво на транспарентност во новиот Извештај за извршена проверка на објавените документи и информации кои имателите од судската власт во Република Северна Македонија се обврзани да ги објават на своите веб-портали.

Во Извештајот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер се нотираат податоците за доследното спроведување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и остварувањето на правото на граѓаните за слободен пристап до информации. Во таа насока, во Извештајот се нагласува високото ниво на транспарентност на Врховниот суд на Република Северна Македонија кој бележи нагорен тренд. Воедно, во Извештајот се посочува дека информацијата е предуслов

за одговорна власт и основа за демократските процеси. Информациите за работата на имателите им овозможуваат на граѓаните адекватно да донесуваат заклучоци и да партиципираат во носењето на одлуки за прашања кои се од нивен интерес. Транспарентноста и пристапот до информациите од јавен карактер се неделиви инструменти во борба против корупцијата.

Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврди начелен став за акредитациите за медиумите во граѓанските предмети од јавен интерес. Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди дека при давањето одобрение за снимање или фотографирање по конкретен граѓански предмет од јавен интерес, потребно е да се води сметка за интересот и довербата на јавноста, согласно член 6 и член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија денеска на предлог на претседателот на Врховниот суд, Беса Адеми, донесе измени на Деловникот за работа на Врховниот суд со кои се овозможува јавност на Општата седница. Во новите измени на Деловникот за работа на Врховниот суд се пропишува дека општите седници на Врховниот суд на Република Северна Македонија се јавни, а јавноста во работата на Општата седница се обезбедува и со присуство на претставници на средствата за јавно информирање. Измените на Деловникот за работата на Врховниот суд се во согласност со темелните уставни вредности, законските начела и меѓународните принципи. Со предложените измени на Деловникот, ќе се даде значаен придонес за јакнење на јавната доверба и углед на судството и на Врховниот суд како највисок суд во државата. Со предложените измени се предвидува јавност во работата на Општата седница и остварување на јавноста во работењето на судот преку нормативна новина која ќе ја унапреди и соработката и комуникацијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија со медиумската заедница и со пошироката заинтересирана јавност. Предложените измени се засноваат на уставните и законските начела за јавност на судството, највисоките меѓународни правни норми интегрирани во домашното законодавство, принципите на Европската конвенција за заштита на човековите права и стандардите на Европскиот суд за човековите права, европските стандарди и меѓународните документи од областа на судството и заложбите и активностите на Советот за отворено судство.

### 6.3. Јавни настапи и настани, интервјуа, брифинзи, изјави, конференции, средби, отворени денови и институционална соработка

Владеењето на правото подразбира правна сигурност за граѓаните и стабилност на економијата и европска иднина на државата, истакна претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, за магазинот „Економија и бизнис“. Владеењето на правото, независноста на судството и почитувањето на препораките на ЕУ во континуитет беа нагласувани во јавните изјави и настапи на претседателката на Врховниот суд.

Претседателката на Врховниот суд во јавна изјава ја истакна потребата од доследно почитување и применување на акредитациите за медиумите одобрени од страна на претседателот на Врховниот суд, како и на препораките за снимање и фотографирање во судница усвоени и објавени од Врховниот суд на Република

Северна Македонија и Судско-медиумскиот совет кои имаат за цел да се подобри отвореноста на судството, а со тоа и јавната доверба.

Една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија е уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата. Пристапот до здрава животна средина е основно човеково право, на што упатува и Советот за човекови права на Обединетите нации, истакна претседателката на Врховниот суд на РСМ пред претставниците на медиумите во врска со утврдувањето на начелниот став за загадувањето на животната средина.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваше на работилница за изработка на Коминикациската стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028). Претседателката на Врховниот суд, истакна дека подготовката на Комуникациската стратегија е неопходна за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на препораките на Оценската мисија на ЕУ кои се однесуваат на отчетноста и во таа насока ги поздрави заложбите на Судскиот совет за унапредување на транспарентноста.

Врховниот суд на Република Северна Македонија го одбележа 31 март, Денот на македонското правосудство и по повод значајниот датум ја објави и ја промовираше новата Збирка на судски одлуки 2018 – 2023. На свечениот настан кој се одржа во Врховниот суд присуствуваа претставниците на правосудните институции, амбасадорите на САД, Европската Унија и Кралството Холандија, и претставниците на граѓанските организации, академската заедница и судската администрација.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, се обрати на Годишната судиска конференција во организација на Здружението на судии и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Темата на Конференцијата која традиционално се одржува по повод 31 март, Денот на македонското правосудство беше посветена на квалитетното правораздавање и враќањето на јавната доверба.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари работна средба со Претседателот на Адвокатската комора на Република Северна Македонија, Љубомир Михајловски. На работната средба во Врховниот суд на Република Северна Македонија се дискутираше за прашања кои се однесуваат на потребните законски измени согласно новата Стратегија за реформи на правосудниот сектор, доследното почитување на принципот на еднаквост на оружјата и применувањето на Законот за кривичната постапка, како и за повеќе актуелни прашања за примена на Законот за парничната постапка и законите за адвокатурата и нотаријатот.

Претседателката Адеми присуствуваше на свечениот настан по повод 30 години активна работа на женските невладини организации и по повод промоцијата на книгата „30+ Жените тоа го можат“. Книгата беше промовирана во Собранието на Република Северна Македонија по повод 30 години активна работа на женските невладини организации во унапредувањето на прашањата за родова еднаквост во севкупниот општествен живот.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија оствари посета на Алелациониот Штип, Основниот суд Штип, Основниот суд Кочани, Основниот суд Виница и Основниот суд Радовиш. Исто така, претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оствари посета и на основните судови во Свети Николе, Струмица, Берово и Делчево, со што ги заокружи посетите на пониските судови од апелационото подрачје Штип.

По повод одбележување на 15 години од постоењето на Институтот за човекови права, претседателката на Врховниот суд во јавното обраќање истакна дека граѓанскиот сектор е голем пријател на судството. Транспарентноста, отвореноста, дијалогот, унапредувањето на ефикасноста, квалитетот на правдата и исполнувањето на европските стандарди поефикасно се остваруваат преку соработката со граѓанскиот сектор.

Во рамки на посетите на пониските судови, претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија оствари посета на Апелациониот суд Битола и на основните судови Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, се обрати на настанот „Денови на македонската адвокатура“, кој го организираше Адвокатската комора на Република Северна Македонија по повод Денот на македонската адвокатура. Адеми нагласи дека согласно член 37 од Законот за судовите Врховниот суд на Република Македонија на општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите, меѓу другото, и по иницијатива на адвокати. Адвокатите се мошне активни во поднесувањето на иницијативите до Врховниот суд. Иницијативите се квалитетни и содржински, подготвени на начин преку кој се отвораат суштински прашања кои се однесуваат на судската практика и на обезбедувањето на единството во примената на законите.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари посета на основните судови Кичево и Крушево, како и на Апелациониот суд Гостивар и на основните судови и Гостивар, Тетово и Дебар.

Преку националната платформа за интероперабилност во Врховниот суд подготвени се нови сервиси за размена на податоци кои граѓаните ги побаруваат во врска со остварувањето на нивните социјални права, кои се ставени во функција. Врз основа на заложбите и активностите на Советот за отворено судство и стратешките и програмски определби за унапредена транспарентност, Врховниот суд пристапи кон овој значаен проект во координација со Министерството за труд и социјална политика и со поддршка на Светска банка, за што се одржуваа континуирани средби во текот на извештајната година.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во соработка со Коалицијата „Сите за правично судење“ и со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Република Северна Македонија одржа работна средба со судии од четирите апелациони судови во државата. На работната средба се говореше за прашања во врска со унапредувањето на судската практика, како и за прашања кои се од значење за работата на судовите, со посебен акцент на потребата од финансиска независност, подготовката на проектите во делот на капиталните инвестиции,

ефикасноста и ажурноста и унапредувањето на транспарентноста врз основа на заложбите на Советот за отворено судство.

Претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, се обрати на Конференција на тема:„Напредокот при спроведувањето на препораките од Оценската Мисија на ЕУ од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија“, поддржана и финансирана од Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“. Претседателката на Врховниот суд истакна потребен е силен институционален капацитет за спроведување на реформите и препораките на Оценската мисија на Европската Унија, која мошне прецизно ги детектираше проблемите кои се рефлектираа низ целиот судски систем.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари посета на основните судови Куманово, Крива Паланка и Кратово и на основните судови Велес, Неготино, Кавадарци и Гевгелија.

Во Министерството за финасии, претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, и министерката за финансии Гордана Димитриеска-Кочоска, оствариjа работна средба. На работната средба се говореше за повеќе прашања кои се однесуваат на унапредувањето на финансиската независност на судството од аспект на потребните измени на законските решенија, извршувањето на судскиот буџет, состојбата со човековите ресурси, односно со потребата од судиски и стручен кадар, реализацијата на потребните проекти и капитални инвестиции во судството, финансиската транспарентност и активностите за подобрување на ефикасноста која непосредно е поврзана со буџетските импликации и економичноста на постапките, но и со квалитетот на правдата и примената на европските стандарди.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари посета на Апелациониот суд Скопје, Основниот кривичен суд, Основниот граѓански суд, Управниот суд и Вишиот Управен суд. Со тоа се заокружија работните посети на сите апелациони и основни судови, како и на Управниот и Вишиот Управен суд. Со посетите на судовите се овозможи непосреден увид на состојбите и проблемите со кои се соочуваат судовите, а кои предизвикуваат реперкусии во нивното функционирање. Воедно, посетите имаа за цел да се унапреди соработката помеѓу судовите во Република Северна Македонија, заснована на принципите за независност на судството од законски, функционален и финансиски аспект. Во таа насока, во рамки на посетите беше истакната потребата од континуирана соработка, надминување на проблемите со човечките ресурси и недостигот на судии и судска администрација, потребата од ефикасно и ажурно постапување по предметите, особено по предметите од висок јавен интерес и донесувањето на внатрешни процедури за работата на судовите. Исто така, беше нагласена потребата од унапредување на транспарентноста согласно начелата за отворено судство, ажурното подготвување на проектите за капитални инвестиции, архивското работење и начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите. Претседателите на пониските судови го истакнаа значењето на работните посети и ги поздравија заложбите на Врховниот суд и претседателката Адеми, нагласувајќи дека на таков начин се унапредува взаемната соработка и се дава поддршка на целокупниот реформски процес. На работните посети беше заклучено дека постои неопходна потреба од конкретен план, итни мерки и институционална координација за да се надминат проблемите со кои се соочуваат судовите.

Извештаите од посетитена пониските судови беа разгледани на Општа седница на Врховниот суд и се доставени до Судскиот советна Република Северна Македонија.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, се обрати на завршниот настан за препораките и Акцискиот план за подобрување на состојбите во правосудството, реализиран во рамки на проектот спроведен од Коалицијата „Сите за правично судење“ и поддржан од Амбасадата на САД во Република Северна Македонија.

Новите измени на Деловникот за работата на Врховниот суд се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Врховниот суд на Република Северна Македонија ја извести јавноста дека новите измени и дополнувања на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 26.09.2024 година се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Измените и дополнувањата на Деловникот стапуваат во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“ Во новите измени на Деловникот, се пропишува дека дека Општите и проширените општи седници на Врховниот суд на Република Северна Македонија се јавни. За одржувањето и за дневниот ред на општите седници јавноста се информира преку соопштение на веб страницата на судот и известување до средствата за јавно информирање. Јавноста во работата на Општата седница се обезбедува и со присуство на претставници на средствата за јавно информирање. Исто така, јавноста во работата на Врховниот суд се обезбедува и со јавност на Општата седница.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди Начелен став за правото на здрава животна средина и загадувањето на воздухот. Во Начелниот став се утврдува дека државата согласно националната и меѓународната правна регулатива, е должна да обезбеди здрава животна средина и дека со непреземањето дејствија од страна на надлежните јавни органи се повредува уставно загарантираното право на здрава животна средина. „Согласно националната и меѓународна правна регулатива, Државата е должна да обезбеди здрава животна средина, меѓу кои и правото на чист воздух, како поединечно право на граѓаните, кои како странка во управна постапка, можат да бараат да се задолжат надлежните органи, да ги донесат Основните плански документи, од член 23 од Закон за квалитет на амбиенталниот воздух, како Општи акти“, се наведува во Начелниот став. Правото на здрава животна средина е фундаментално граѓанско и човеково право и непосредно поврзано со унапредувањето на здрајето на граѓаните и со законски пропишаните обврски и должности за заштита на животната средина.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, се обрати на Конференцијата посветена на препораките на Оценската мисија за реформи на Судскиот совет, во организација на Институтот за човекови права. Претседателката Адеми во своето обраќање истакна дека за препораките на Оценската мисија од круцијално значење е самата динамика и континуитет на нивното спроведување.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ги објавуви Заклучоците усвоени на работната средба со четирите апелациони судови. Целта на работната средба беше донесување на заклучоци по претходно утврдени правни прашања за кои постоеше потреба да бидат разгледани на ниво на четирите апелациони судови, заедно со Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија и Судско-медиумскиот совет денеска во Врховниот суд ги презентираа препораките за снимање и фотографирање во судница. препораките се засновани на заедничките заложби на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Судско-медиумскиот совет за унапредување на судската транспарентност. Идејата на препораките е највисокиот суд во државата да ги промовира како насоки со кои ќе биде унифицирано снимањето и фотографирањето во судниците во предмети каде што има јавен интерес, а по примерот на Судско-медиумскиот комитет во Масачусетс, САД.

Врховниот суд на Република Северна Македонија го одбележа Европскиот ден на правдата и по тој повод студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први“ и граѓанските организации беа во посета на Врховниот суд на Република Северна Македонија. По повод Европскиот ден на правдата, Врховниот суд на Република Северна Македонија го посетија претставниците на граѓанските организации: Центарот за правни истражувања и анализи, Коалицијата сите за правично судење, Македонското здружение на млади правници и Институтот за човекови права.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија, претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, оствари работна средба со директорката на Академијата за судии и јавни обвинители Ирина Трајкоска Стрезоски и со заменик директорот на Академијата, Илир Исени. На работната средба се дискутираше за повеќе прашања кои се однесуваат на програмските определби и активности на Академијата во поглед на континуираната правна едукација како значаен фактор и продонес за професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската функција.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија присуствуваше на првата од серијата стручни дебати во врска со потребните измени на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Адеми истакна дека новите законски решенија потребно е да ги надминат законските слабости, но и дека клучна улога во обезбедувањето и гарантирањето на независноста на судската власт е доследното почитување на принципите на стручност, етичност, независност и професионалност.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија пред претседателите на пониските судови ги презентираше Извештаите од посетите на сите судови во државата. Во пресрет на Денот на човековите права, Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе биде носител на традицијата за воспоставување на Денови на судската солидарност кои традиционално ќе се одржуваат во Врховниот суд на Република Северна Македонија, истакна претседателката на Врховниот суд.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, и судијата на Врховниот суд, д-р Џемали Саити, учествуваа на Тркалезната маса ,,Улогата на судовите при заштитата на животната средина”, во организација на Центарот за правни истражувања и анализи.

Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд во државата објави дека целосно ги поддржува и ги поздрави заложбите на Стејт департментот на САД кои се однесуваат на владеењето на правото и правната држава. Соединетите Американски Држави даваат континуирана поддршка и

исклучителен придонес за правосудството, кој е заснован на правните начела и демократските вредности. Нотираните податоци и укажувања во Извештаите на Стејт департментот имаат суштинско правно значење за заштитата на независноста на судството и борбата против корупцијата. Во таа насока, а во врска со нотираната корупција, неопходно е приоритетно да се постапува во согласност со законите и институционалните надлежности што е клучно за интегритетот на судството, остварувањето на целите на правдата и јакнење на јавната доверба. Недозволиво е да се поткопуваат темелите на судската власт преку политички влијанија, притисоци и коруптивни дејствија.

Коалицијата „Сите за правично судење“ одржа завршна конференција на која беа презентитани анализите за состојбите во правосудството за 2024 година. На конференцијата беше даден осврт и на Извештајот на Врховниот суд на РСМ од посетите на основните и апелационите судови. Истражувањата на Коалицијата коиндицираат со Извештаите на Врховниот суд на Република Северна Македонија за извршените посети на пониските судови и кои имаат иста цел, а тоа е да се нагласи важноста на начелото на финансиска независност како предуслов за независноста на судството.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија се одржа завршната стручна расправа за измените на Законот за Судски совет, кои ги организираше Министерството за правда со поддршка на Проектот „ЕУ за владеење на правото“. На настанот беше истакнато дека Врховниот суд на Република Северна Македонија преку Општата седница ќе даде силна поддршка на сите законски измени кои се гаранција за доследното почитување на европските стандарди и за иднината на судството, државата и нејзините граѓани.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, и деканот на Правниот факулет „Јустинијан Први“, проф. д-р Сашо Георгиевски, во Врховниот суд потпишаа Меморандум за соработка. Со склучениот Меморандум се унапредува соработката на Врховниот суд и на Правниот факултет „Јустинијан Први“ преку вклученост на судиите во стручниот дел на наставата, учество на наставниот кадар на факултетот за прашања пред Општата седница, организирање на конференции, семинари, работилници, тркалезни маси, заедничко изготвување на анализи, стручни и научни мислења и истражувања и размена на информации. Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, имаше обраќање на настанот организиран од Институтот за европска политика и посветен на Извештајот на ЕУ за Поглавјето 23. На настанот беше нагласено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија во Извештајот на Европската унија има позитивни оценки за унапредувањето на судската практика и новата Збирка на судски одлуки, усогласеноста на судските одлуки, заштитата на човековите права од аспект на здравата животна средина, прашањата поврзани со јавниот интерес, унапредување на транспарентноста и отвореноста на општите седници.

### 6.4. Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во извештајната 2024 година, во Врховниот суд на Република Северна Македонија примени се вкупно 8 барања за пристап до информации од јавен

карактер, од кои 2 барања се поднесени од правни лица, а 6 барања се поднесени од физички лица. Со решение позитивно е одговорено на 8 (осум) барања.

По сите барања за пристап до информации од јавен карактер примени во Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на извештајниот период е постапено и одговорено. Неодговорени барања нема. Сите дописи кои не ги содржат елементите за слободен пристап на информации од јавен карактер со писмо им е одговорено дека барањето како што е поставено не ги содржи елементите за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно законската регулатива.

### 6.5. Објавување на анонимизирани одлуки

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2024 година, согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите, објави 1449 судски одлуки на веб страната на судот, наведени на ниво на Оддел:

| | |
|---|---|
| **Кривично** | **353** |
| **Граѓанско** | **897** |
| **Разумен рок ПСРРГ- ПСРРК- ПСРРУ** | **114** |
| **Разумен рок по жалба ПСРРЖ** | **62** |
| **УСПИЖ** | **7** |
| **УЗЗ** | **-** |
| **УССЖИ** | **16** |
| **ВКУПНО:** | **1449** |

## 7. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2024 година во областа на заштита на личните податоци функционира во согласност со воспоставениот систем за заштита на личните податоци, односно се применува документација за техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци, согласно Законот за заштита на лични податоци, во Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2024 година, се донесени: Правилник за начинот на вршење на видео надзор во Врховниот суд на Република Северна Македонија; Политика за создавање на систем за заштита на личните податоци во Врховниот суд на Република Северна Македонија; Правилник за безбедност на обработката на личните податоци; Процедура за остварување на правата на субјектите на личните податоци; Процедурата за правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектот на личните податоци;Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при пристапување до документите во информатичко-комуникациската опрема; Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како

и за повторно враќање на зачувуваните лични податоци; Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти; Правилник за уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите; Процедурата за доделување на кориснички привилегии за овластени лица кои вршат автоматска обработка на личните податоци;

За следење на усогласеноста на работењето на Врховниот суд на Република Северна Македонија со прописите за заштита на личните податоци согласно членовите 28 и 36 од Законот за заштита на личните податоци, а согласно, Политика за создавање на систем за заштита на личните податоци во Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2024 година извршени се периодични контроли како што е „ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА ПЕРИОДИЧНА ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СИСТЕМОТ ЗА ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР ВО ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за 2024 година“ и е констатирано дека во Врховниот суд онака како што е презентирано на Офицерот за заштита на личните податоци се почитува воспоставениот систем за заштита на личните податоци, односно се применува документација за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработка на личните податоци.

## 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2024 година, во делот на меѓународната соработка беа реализирани следните активности:

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари средба со амбасадорката на Сојузна Република Германија, Петра Дрекслер. На средбата се разговараше за повеќе теми од областа на владеењето на правото, со посебен акцент на потребата од донесувањето на законските измени во согласност со препораките на Европската унија, зајакнувањето на независноста и ефикасноста на судството, борбата против корупцијата и унапредувањето на транспаретноста во согласност со начелата на отвореното судство.

Претседателката на Врховниот суд на РСМ, Бoствари работна средба со амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Килијан Вал, на која присуствуваа и претставници на Врховниот суд и на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, учествуваше на Меѓународна конференција во организација на УНОДЦ, која се одржа во Тирана, Република Албанија. На Конференцијата се говореше за повеќе актуелни теми од областа на судската практика и унапредувањето на ефикасноста и функционалноста на судските системи, со посебен фокус на кривично-правната проблематика.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, се обрати на судиското советување „Судски денови“ кое се одржа во Република Србија и на кое присуствуваа претседателите на врховните судови од

регионот. Во своето воведно обраќање претседателката Адеми го истакна значењето на регионалната соработка и дека само преку соработката на меѓународен план судствата можат цврсто да ја одбранат заедничката цел - независност на судството и владеење на правото.

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) го објави Извештајот од набљудувањето на судските процеси во Западен Балкан „Од хартија до практика - Евалуација на ефективноста на правосудниот одговор на сериозниот организиран криминал и корупција". Овој Извештај беше изработен како дел од активностите на „Регионалниот проект за набљудување на судски процеси – справување со организираниот криминал и корупција во Западен Балкан" кој е финансиран од Европската Унија. Како една од позитивните активности на Врховниот суд на Република Северна Македонија се нотира донесувањето на начелниот став во кој се наведува дека судовите треба да ги објавуваат неправосилните пресуди и одлуки, особено во случаи на висок јавен интерес.
Во Извештајот се истакнува дека пристапот до писмени пресуди претставува предизвик што се должи на спротивставени законски одредби и се образложува дека согласно Законот за судовите и Законот за управување со движењето на предметите во судовите, на судовите им се забранува јавно да ги објавуваат писмените пресуди, освен ако тие не се правосилни. Ова е спротивно на ЗКП, кој наложува сите судски пресуди да бидат јавни и достапни во електронска или печатена форма.Во таа насока, во Извештајот се истакнува значењето на начелниот став на Врховниот суд од декември 2022 година, во кој се утврдува објавување на неправосилни одлуки, особено во случаи од јавен интерес.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари работна средба со раководителот на програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Олег Солдатов. На работната средба се говореше за унапредувањето на соработката на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Програмската канцеларија на Советот на Европа, а во насока вклученоста на Врховниот суд во проектите кои се реализираат од страна на Програмската канцеларија, а кои се посветени на применување на стандардите на Советот на Европа.

Во новиот Извештај на Европската Унија за владеењето на правото активностите на Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценети позитивно. Во Извештајот на Европската Комисија се нотира дека Врховниот суд под покровителство на претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, презел мерки за унапредување на транспарентноста, особено преку активностите на Советот за отворено судство во рамки на Врховниот суд. Во таа насока се истакнува значењето на Советот за отворено судство, кој под водство на претседателот на Врховниот суд го спроведува акцискиот план кој предвидува подобрување на односите со јавноста меѓу судовите и јавноста. Од аспект на унапредувањето на транспаретноста, во Извештајот понатаму се потенцира дека Врховниот суд на предлог на претседателката Адеми, утврдил начелен став за објавувањето на неправосилните судски одлуки, кој пониските судови во државата го почитуваат. Во делот за независноста на судството, во Извештајот се истакнува дека претседателката на Врховниот суд упатила јавни критики и реакции за постоењето на несоодветни влијанија и притисоци во судството и во таа насока се укажува на контроверзноста на постапката која се водеше против претседателката на Врховниот суд пред Судскиот совет. Исто така, во Извештајот се нотира дека Врховниот суд утврдил

начелен став за директна примена на Европската конвенција за заштита на човековите права, а во врска со правото на жалба во контекст на одредбите од Законот за Судскиот совет. Во Извештајот на Европската Комисија се нотира и јавната реакција на Врховниот суд за континуираното непочитување на законскиот лимит за обезбедување на буџетот за судството што се одразува на независноста на судската власт. Исто така, во Извештајот се нотира и проблематичноста на измените на Кривичниот законик, за кој Врховниот суд, исто така, имаше јавна реакција.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, и амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Дејвид Гир, оствариja работна средба во Врховниот суд. Претседателката Адеми на работната средба истакна дека за Врховниот суд од големо значење е што активностите на највисокиот суд во државата се оценети позитивно во новиот Извештај за владеењето на правото на Европската Унија. Амбасадорот Гир нагласи дека иновативноста и креативноста на Врховниот суд е за поздрав, особено за прашањата кои се однесуваат отвореноста на судството, јавниот интерес и унапредувањето на судската практика, во кои спаѓаат и начелните ставови за транспарентност на предметите од јавен интерес, примената на Европската конвенција за заштита на човековите права и прашањето за здравата животна средина.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, и новоименуваниот амбасадор на Европската Унија во Република Северна Македонија, Михалис Рокас, денеска во Врховниот суд оствариja работна средба. На работната средба, претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, го запозна амбасадорот на Европската Унија, Михалис Рокас со надлежностите, активностите и заложбите на Врховниот суд кои се однесуваат на владеењето на правото, судските реформи и примената на европските стандарди. Амбасадорот Рокас ја истакна значајната улога на Врховниот суд на Република Северна Македонија, нагласувајќи дека за Република Северна Македонија владеењето на правото е фундаментален услов за европскиот пат и обезбедувањето на европската иднина на државата и граѓаните.

На Регионалната конференција во Република Црна Гора која се одржа како дел од Регионалниот проект на ОБСЕ за набљудување судски процеси за справување со организираниот криминал и корупција во Западен Балкан, поддржан од Европската Унија участвуваше претседателката и преставници на Врховниот суд. Во рамки на заедничката дискусија, активностите на Врховниот суд беа истакнати и издвоени како позитивен пример во регионот и во таа смисла беа поздравени како заложби кои носат позитивни промени, го штитат јавниот интерес и даваат исклучителен придонес во борбата против корупцијата.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари протоколарна средба со амбасадорката на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, Узлем Џанел. На средбата претседателката Адеми и посака успешна дипломатска мисија на амбасадорката Џанел, изразувајќи благодарност за големата и континуираната поддршка која ја дава Кралството Холандија на Република Северна Македонија, особено во делот на судството и владеењето на правото. Амбасадорката Џанел го истакна значењето на владеењето на правото за европските аспирации на Република Северна Македонија, нагласувајќи

дека Врховниот суд на Република Северна Македонија со своите активности и положба има суштинска улога за целокупниот правосудниот систем.

Амбасадорот на Европската Унија, Микалис Рокас, во Врховниот суд на Република Северна Македонија на претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, ѝ го предаде новиот Извештај на Европската Комисија. Во Извештајот се нотираат активностите на Врховниот суд за унапредувањето на судската практика и конзистентноста на судските одлуки, објавувањето на новата Збирка на судски одлуки, утврдувањето на начелните ставови и за одлуките на судот во однос на прашања од висок јавен интерес и заштитата на законитоста. Во делот за независноста на судството Извештајот се осврнува и на постапката за разрешување на претседателката на Врховниот суд поведена поради јавните изјави за надворешните политички влијанија во работата на судот, која беше запрена. Исто така, во Извештајот се нотираат деловничките измени за јавност на Општата седница и унапредувањето на транспарентноста и заложбите и активностите на Врховниот суд за заштитата на животната средина преку расправата за начелниот став како конкретен придонес во заштита на здравјето и спречувањето на загадувањето на воздухот.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија се одржа дводневна меѓународна судска конференција посветена на независноста на судството. Зајакнувањето на судската независност и довербата на јавноста во судството имаат клучна улога за интеграцијата во Европската Унија, беше истакнато на Конференцијата поддржана од Врховниот суд на Република Северна Македонија и организирана од Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со CEELI Институтот и проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото во Република Северна Македонија“. На настанот присуствуваа судии, јавни обвинители, експерти, универзитетски професори и други правни професионалци од Република Северна Македонија, земји од Европската Унија и САД. На конференцијата се говореше за предизвиците за способноста на судството во Република Северна Македонија да ги исполни стандардите на ЕУ и да изгради доверба во јавноста со фокусирање на одговорноста преку дисциплински мерки, етика, процеси на проверка и обезбедување на независност на судството.

Претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, оствари работна средба со Извршниот директор на CEELI Институтот, Роберт Странг. На средбата беа потенцирани заложбите на Врховниот суд на Република Северна Македонија за унапредување на независноста и транспарентноста на судството и активностите кои ги презема за зајакнување на меѓународната соработка како еден од клучните фактори за применувањето на современите стандарди во судските системи.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари работна средба со судијата на Врховниот суд на Република Бугарија, Калин Калпакчиев. На работната средба се разговараше за важноста од регионалната соработка за прашањата кои се однесуваат на независноста на судството и владеењето на правото, со посебен фокус на потребата од продлабочување на соработката помеѓу Врховниот суд на Република Северна Македонија и Врховниот суд на Република Бугарија.

Во организација на Здружението на судии на РСМ и во соработка со Амбасадата на САД во Скопје и CEELI институтот од Прага во Охрид се одржа VIII-та

Регионална судска конференција, на тема „Унапредување на довербата и авторитетот на судската власт“, на која се обрати и присуствуваше претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, оствари средба со претставниците на Регионалниот проект на Европската унија „Поддршка на ЕУ за јакнење на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан“. На средбата се говореше за значењето на активностите на Регионалниот проект и унапредувањето на активностите во рамките на целото судство со што ќе се даде значаен придонес во јакнењето на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Во таа насока, на средбата беа разменети голем број на искуства, мислења и идеи кои во следниот период ќе се реализираат преку интензивирање на соработката на Врховниот суд на Република Северна Македонија и експертите од Регионалниот проект.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија се одржа работна средба со претставници на Светка банка, а во врска со подготовките на новиот извештај за владеењето правото, односно за функционирањето на судството и довербата на граѓанитекон судската власт. Претседателката Адеми истакна дека извештаите на Светската банка имаат значаен придонес во врска со перцепцијата на граѓаните и правните професионалци, а во поглед на довербата на јавноста како важен фактор за реформскиот процес.

## 9.ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИКА

Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија има клучна улога во обезбедување на техничка поддршка за функционирање на судскиот систем и системите за електронско судство. Во истиот сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на ВСРСМ додека дел од истата наменета е за непречено функционирање на судовите на РСМ и Судскиот совет на РСМ. Дополнително во Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирани сервиси за размена на податоци со надворешни институции итн. кои се наменети за непречена работа на сите судови. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 4 (четири) ИКТ инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРСМ.

**9.1** Во Врховниот суд на Република Северна Македонија во функција се следниве кориснички апликации од областа на ИКТ со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Апликација за управување со движењето на судските предмети (АКМИС)
- Централизирана база на номенклатури за потребите на АКМИС системот на сите судови
- Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).

- Апликација за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РСМ и одлуки на апелационите судови на Web страната за судска пракса.
- Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web порталот на Врховниот суд на РСМ
- Централизирано хостирање на судскиот Web портал и Web порталите на сите судови на РСМ
- Систем за електронска пошта наменет за вработените во Врховниот суд на РСМ кој дополнително се користи и за нотификација на корисниците на системот за Електронската достава на судски документи
- Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РСМ со централизирана база на податоци за електронските сандачиња, хостирана во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РСМ, со централизирана база на податоци хостирана во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Централизиран бекап а АКМИС базите на податоци од сите судови на РСМ
- Централизиран сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар на РСМ, наменет за судовите со проширена надлежност
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и обвинителствата на Република Северна Македонија
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и Службен весник на Република Северна Македонија
- Централизиран сервис за електронско издавање на потврди од базата на казнената евиденција преку националниот портал за интероперабилност на Министерството за дигитална трансформација
- Апликација за уредување и пребарување на судски одлуки на судската пракса на Врховниот суд на РСМ
- Централизирани сервиси за размена на податоци помеѓу судовите и Министерството за социјална политика, демографија и млади преку порталот за интероперабилност на Министерството за дигитална трансформација.

**9.2.** Во текот на 2024 година ИКТ инженерите вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ продолжија со имплементација на проектите за дигитализација на судскиот систем, модернизација на инфирматичките технологии, унапредување на безбедноста на податоците и ги реализираа следните активности:

- Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификација вклучително и критериуми за утврдување на способност, учество во евалуација и реализација на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат

потребите на Врховниот суд на РСМ и потребите на сите судови во РСМ вклучително и Судски совет на РСМ од областа на ИКТ како што следи:

- Хардверско-софтверско одржување на опремата набавена во рамките на ИПА2010 проектот вклучително и превентивно и адаптивно одржување на веб порталите на сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во судовите на РСМ вклучително и одржување на дополнителните апликации и сервиси интегрирани во истиот
- Одржување на IBM Lotus Domino платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската пракса на Врховниот суд на РСМ
- Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- Хардверско-софтверско одржување и годишна претплата на системот за backup / restore на централизираните бази на податоци на судовите во Република Северна Македонија
- Одржување на софтверот за собирање, анализа и пребарување на лог записи на ИКТ уредите сместени во Врховниот суд на РСМ
- Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на РСМ
- Закупнина на една парица од две оптички влакна (single mode - Dark Fiber**)** за потребите на проектот во надлежност на Оперативно техничката агенција (ОТА)"
- Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на Врховниот суд на РСМ
- Набавка на АОП материјали за потребите на Врховен суд на РСМ
- Учество во Работна група формирана од Судскиот совет на РСМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката за набавка на интернет линкови за сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- Учество во Работна група формирана од Судскиот совет на РСМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката што ја спроведува Управниот суд за надградба на Femida системот.

**9.3.** Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за ВСРСМ и дел за сите судови на РСМ, во сите нивни фази на примена:

- Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување

- Согледување на евентуални потреби од надградби и подобрувања на апликативните решенија и учество во реализација на истите
- Доделување на соодветни кориснички права и привилегии
- Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош
- Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции

- Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови на РСМ и ССРСМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот ИКТ кадар во судовите на РСМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен ИКТ кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се имплементирани во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ, а наменети се за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.
- Секојдневно извршување и контрола на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.
- Мониторирање на системските логови за дојава на грешки на целокупната ИКТ опрема сместена во Центарот за информатика на Врховен суд на РСМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.
- Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.
- Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.
- Соработка и координација на Центарот за информатика на ВСРСМ со одделенијата за информатика на судовите во РСМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со централизираните функционалности, известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, достава на процедури за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.
- Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на ИКТ (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.
- Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување и сл.
- Учество во Работна група за усогласување на Судскиот деловник со важечките законски прописи, учество во Работна група за дефинирање на сервиси за размена на податоци помеѓу судовите и Министерството за социјална политика, демографија и млади преку порталот за интероперабилност како и реализација на истите, учество на работни средби вклучително и изработка и достава на потребни податоци до експертите ангажирани во рамките на ROL проектот за поддршка на реформите во правосудството итн.

Согласно на современите општествени трендови сама се наметнува потребата од дигитализација и континуирано воведување на нови информатички технологии во судскиот систем на РСМ за да може преку осовременување, едукација, компатибилност и унификација на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови на територија на РСМ и размена на податоци со други институции. Тоа по автоматизам континуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечките само 4 (четири) ИКТ инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРСМ.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирано вработување на стручни ИКТ инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена соодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## 10. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА ВО СУДОТ

### 10.1. Анализа на состојбата

Врховниот суд на Република Северна Македонија е лоциран во централното градско подрачје и располага со 6.000 м2 корисна површина. Зградата на Врховниот суд на Република Северна Македонија располага со сопствен гаражен простор за вработените во судот, со ограничен број на паркинг места бидејќи дел користи Основниот граѓански суд Скопје со доделени електронски картици на корисниците. Исто така, опремена е со агрегат, како и УПС-систем.

Холот во зградата на судот како и предворјето на зградата е под 24 часовен видео надзор. Со видео надзор се опремени и спратовите (шест) на зградата. Зградата на Врховниот суд на Република Северна Македонија има и два патнички лифта кои се користат и одржуваат за безбедна употреба во сообраќајот со вработените и странките кои доаѓаат во судот.

Внатрешноста на судот како канцелариите, холовите, скалишниот простор и другите придружни простории редовно се молерисуваат и се дератизираат и континуирано се одржува просторот како придонес за работната атмосфера во судот.

Врховниот суд презема повеќе активности за значително унапредена функционалност на салите, особено на големата сала која ја користат и други правосудни институции поради својата репрезентативност, а која воедно се користи и за јавни седници.

Во судот во приземјето, како и на спратовите има по два тоалета машки и женски односно вкупно 14 тоалети, кои во извештајната година беа комплетно реновирани по спроведена јавна набавка и реализира проект како капитална инвестиција.

Дворното место на Врховниот суд се одржува во континуитет и во таа насока беше реализирано хортикултурно уредување на просторот околу судската зграда кое се заокружи и со уредување на влезот на гаражниот простор, како значаен придонес за функционалноста, пристапот до суд, естетската целина и одржувањето на безбедноста.

Што се однесува до хигиената на зградата од аспект на човековите ресурси, таа се одвива перманентно на дневна основа и согласно стандардите за одржување на хигиената на високо ниво, за кое професионално се грижат 6 хигиеничарки, но потребно е зголемување на нивниот број со оглед на големината на судската зграда и внатрешниот и надворешниот судски простор.

### 10. 2. Предлози за подобрување на состојбата

Како основен предлог секако е состојбата со фасадата како нотиран проблем и во претходните годишни извештаи. Состојбата со фасадата претставува многу сериозна закана по животот на вработените и странките кои доаѓаат во судот. Поради сериозноста на состојбата, Врховниот суд на РСМ презема мерки согласно прописите и во 2025 година приоритетна задача е замената и санацијата на фасадата.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ги презеде сите мерки и активности за започнување на постапката за замена на фасадата за што достави соодветно известување надлежните институции и во најбрз можен рок се очекува по доставувањето на заклучокот со кој на судот му се одобрува да ја започне постапката, истата да ја реализира врз основа на начелото на итност и приоритет и согласно Законот за јавни набавки, како и согласно прописите за безбедноста. На овој начин би се отстраниле ризиците и опасноста по животот и здравјето на граѓаните и би се решил деценискиот проблем со кој се соочува судот.

Од особено значење е подготовката на проектите за реализација на капиталните инвестиции, како и унапредување на работата на судот преку нова и иновативна опрема која се мета за една од посуштинските инвестиции со кои се унапредува работата на судот. Во таа насока, согласно утврдените проекти во буџетскиот циркулар, потребно е да се обезбедат средства за реализација на капиталните иинвестиции и иновативната опрема, а во поглед на одржувањето на зградата и техничката опременост на салите.

## 11.ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

### 11.1. Извештај за планирани јавни набавки

Врховниот суд на Република Северна Македонија за спроведување на јавните набавки согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.87/21) и Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.64/19), во 2024 година има донесено:

- Годишен план за јавни набавки во 2024 година на Врховниот суд на Република Македонија Су-02.бр.12/24 од 30.01.2024 година;
- Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2024 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-02.бр.22/24 од 08.02.2024 година;
- Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2024 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-02.бр.30/24 од 13.02.2024 година, и

- Измена на Годишен план за јавни набавки во 2024 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-02.бр.379/24 од 08.08.2024 година.

Со Годишниот план за јавни набавки во 2024 година, како и дополнувањата и измената на истиот, предвидено е во Врховниот суд на Република Северна Македонија да се спроведат 30 (триесет) јавни набавки, од кои:

- 19 (деветнаесет) јавни набавки да се спроведат како набавка од мала вредност;
- 5 (пет) јавни набавки да се спроведат со примена на поедноставена отворена постапка;
- 6 (шест) јавни набавки согласно проценетата вредност да се спроведат со примена на отворена постапка.

Од вкупно 30 (триесет) јавни набавки 3 (три) јавни набавки се предвидени како групни, и тоа:

- набавката на електрична енергија е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Основниот граѓански суд Скопје со примена на отворена постапка;
- набавката на интернет услуги е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Судскиот совет на РСМ со примена на отворена постапка, а врз основа на Одлука на Судскиот буџетски совет за спроведување на групни јавни набавки за 2024 година бр.02-166/18 од 29.01.2024 година, и
- набавката на мобилни телекомуникациски услуги е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Судскиот совет на РСМ со примена на отворена постапка, а врз основа на Одлука на Судскиот буџетски совет за спроведување на групни јавни набавки за 2024 година бр.02-166/18 од 29.01.2024 година.

### 11.1.1. Успешно реализирани постапки за јавни набавки

1. Осигурување на зградата, опремата и службените ПМВ на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.02470/2024;
2. Реновирање на санитарни јазли, оглас бр.02076/2024;
3. Униформи за припадниците на судската полиција, оглас бр.02476/2024;
4. Поштенски услуги над 50 грама, оглас бр.04306/2024;
5. Материјали за АОП за период од 1 (една) година, оглас бр.03929/2024;
6. Превентивно и постгаранциско одржување на хардверската и софтверската опрема набавена во рамките на ИПА 2010 проектот за потребите на судовите на РСМ и Судскиот совет на РСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.06385/2024;
7. Закупнина на една парица од две оптички влакна (single mode - Dark Fiber), оглас бр.08456/2024;
   *повторна објава на поништен оглас бр.06277/2024
8. Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на РСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.09557/2024;

9. Одржување на IBM Lotus Notes платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската пракса на ВСРСМ, објавување на позначајни одлуки од четирите апелациони судови и пресуди на ЕСЧП против Република Северна Македонија, оглас бр.10436/2024;
10. Услуги за замена на дотраена опрема за дистрибуција на грејно ладилен медиум во топлинската потстаница во Врховниот суд на Република Северна Македонија, оглас бр.12936/2024;
11. Годишна софтвер претплата и тековно одржување на софтвер за евиденција на настани со корелирање на логови од ИКТ уреди сместени во Врховниот суд на Република Северна Македонија, оглас бр.15453/2024;
*повторна објава на поништен оглас бр.12356/2024
12. Годишна софтвер претплата (subscription) за уреди за заштита во сите судови на РСМ и Судскиот совет на РСМ, оглас бр.15967/2024;
*повторна објава на поништен оглас бр.12355/2024
13. Канцелариски и печатени материјали за период од 1 (една) година, оглас бр.16865/2024;
14. Годишна софтвер претплата , пост гаранциско и тековно одржување на уредот за backup / restore на централизираните бази на податоци на судовите на Република Северна Македонија, оглас бр.18125/2024;
15. Одржување и поправка на лифтови за период од 1 (една) година, оглас бр.192313/2024;
*повторна објава на поништен оглас бр.03746/2024 и 12571/2024
16. Гориво за потребите на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.19702/2024;
17. Систематски преглед на вработени, оглас бр.21539/2024;
*повторна објава на поништен оглас бр.15459/2024 и 19058/2024
18. Услуги за набавка на авио билети за период од 1 (една) година, оглас бр.21541/2024;
19. Интернет услуги (групна јавна набавка), оглас бр.05152/2024;
20. Набавка на електрична енергија за период од 1 (една) година (групна јавна набавка), оглас бр.09399/2024; и
21. Мобилни телекомуникациски услуги (групна јавна набавка), оглас бр.13128/2024;
*повторна објава на поништен оглас бр. 09781/2024 од страна на ССРСМ.

**11.1.2. Поништени постапки-огласи за јавни набавки**

1. Одржување и поправка на лифтови за период од 1 (една) година, оглас бр.03746/2024;
2. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.04307/2024;
3. Закупнина на една парица од две оптички влакна (single mode - Dark Fiber), оглас бр.06727/2024;

4. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.07650/2024;
   *повторна објава
5. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.09558/2024;
   *повторна објава
6. Набавка на систем за автоматско рано откривање, јавување и гасење на пожар во сервер салата на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оглас бр.10435/2024;
7. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.12357/2024;
   *повторна објава
8. Годишна софтвер претплата (subscription) за уреди за заштита во сите судови на РСМ и Судскиот совет на РСМ, оглас бр.12355/2024;
9. Годишна софтвер претплата и тековно одржување на софтвер за евиденција на настани со корелирање на логови од ИКТ уреди сместени во Врховниот суд на Република Северна Македонија, оглас бр.12356/2024;
10. Одржување и поправка на лифтови за период од 1 (една) година, оглас бр.12571/2024;
    *повторна објава
11. Негазирана вода, газирана вода и сокови за период од 1 (една) година, оглас бр.12573/2024;
12. Набавка на систем за автоматско рано откривање, јавување и гасење на пожар во сервер салата на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оглас бр.12935/2024;
    *повторна објава
13. Систематски преглед на вработени, оглас бр.15459/2024;
    *повторна објава
14. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.16866/2024;
    *повторна објава
15. Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во сите судови на Република Северна Македонија и Судскиот совет на Република Северна Македонија, оглас бр.18560/2024;
16. Негазирана вода, газирана вода и сокови за период од 1 (една) година, оглас бр.19212/2024;
    *повторна објава
17. Систематски преглед на вработени, оглас бр.19058/2024;
    *повторна објава
18. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.20653/2024;
    *повторна објава
19. Мобилни телекомуникациски услуги (групна јавна набавка), оглас бр.09781/2024.

### 11.1.3. Планирани јавни набавки за кои не е објавен оглас

1. Средства за хигиена за период од 1 (една) година
2. Изнајмување на фотокопир апарати
3. Објава на огласи во дневен печат
4. Одржување на систем за ладење/греење за период од 1 (една) година
5. Поправка и одржување на службени ПМВ за период од 1 (една) година

### 11.1.4. Постапки за јавни набавки во тек

1. Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во сите судови на Република Северна Македонија и Судскиот совет на Република Северна Македонија, оглас бр.22603/2024

### 11.1.5. Постапки започнати во 2023, а завршени во 2024 година[1]

1. Надградба на софтвер за аудио и видео снимање на судски расправи и испорака на нови системи за аудио-видео снимање на судски расправи за потребите на судовите во РСМ (надградба, инсталација и конфигурација на Femida True Records во судовите на РСМ), оглас бр.22622/2023.

### 11.1.6. Извештај за извршени јавни набавки

Согласно горенаведеното за 25 (дваесет и пет) од планираните 30 (триесет) јавни набавки објавени се вкупно 41 (четириесет и еден) огласи на Електронскиот систем за јавни набавки (и тоа, 37 се објавени од ВСРСМ, а 4 од Договорните органи кои ја спровеле групната набавка), при што:

- **21 (дваесет и една)** јавни набавки се успешно спроведени, па **склучени** се 29 (двесет и девет) договори за јавна набавка, а 1 (еден) договор е во фаза на достава до избраниот понудувач;
- **3 (три) јавни набавки се поништени,** и тоа 2 (две) од нив поради тоа што не е поднесена ниту една понуда, односно ниту една прифатлива понуда, а 1 (една) поради битни пропусти или недостатоци на тендерската документација;
- **1 (една)** групна јавна набавка е во тек, и
- **5 (пет)** јавни набавки **не се спроведени**.

## 12. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно Законот за судовите, во исполнување на уставните, законските и деловнички надлежности, претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

---

1 Во рамки на заклучните согледувања, оваа постапка е земена во вид само при пресметка на бројот на склучени договори, а согласно утврденото во член 4 од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.64/19).

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2024 година одржа 25 Општи седници на кои се разгледани повеќе прашања:

- Општата седница расправаше по 23 поднесени иницијативи за утврдување на начелен став и начелно правно мислење.
- Утврдени се 2 (два) начелени става и 3 (три) начелени правни мислења.
- Донесени се 16 (шеснаесет) заклучоци по поднесени иницијативи за утврдување начелен став и начелни правни мислења.
- Именувани се членови на 6 (шест) Совети за одлучување по жалби против одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија.
- Општата седница расправаше по 1 (едно) барања за заштита на законитоста.
- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година.
- На проширена Општа седница разгледани се Извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија за 2023 година.
- Усвоени се Оценките и заклучоците по извештаите за работењето на судовите во Република Северна Македонија за 2023 година.
- Донесе Програма за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година.
- Донесен Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.
- Општата седница на барање на мислење од Судскиот совет на Република Северна Македонија за ориентациониот број на предмети што секој судија треба да ги реши месечно заради донесување на Одлука за ориентациона норма за 2024 година, даде мислење дека судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија не треба да бидат задолжени со ориентациона норма.
- Номиниран член за Управниот Одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
- Дадено Мислење по доставен Предлог-закон од Министерството за правда.
- Дадени 3 (три) Мислења по барања на Претседател на суд за распоредување на судии од еден во друг судски оддел.
- Одлучи по 2 (два) приговора поднесени од страна на судии против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија.
- Одлучено по 3 (три) приговори на судии против одлуки за годишен распоред за работа, утврдени од страна на претседатели на судови.
- Одлучено по 1 (еден) приговор на судија против Одлука за изменување и

дополнување на годишен распоред за работа.

- Прибавено е мислење за Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2025 година.

## 13.РАБОТА НА СЕДНИЦА НА СУДИИ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Седницата на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија ја сочинуваат сите судии на Судот. Во 2024 година Врховниот суд одржа 11 седници на суди на кои беа разгледувани организациски прашања и прашања од општо значење за работата на Судот, судските оддели и сите други прашања кои се од значење за функционирање и подобрување на работата во Судот. Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на Седницата на судии ги информираше судиите за мерките се преземаа заради поефикасно придвижување на предметите, унапредувањето на АКМИС ситемот, информациите од извршените посети во земјата и странство, како и за други суштински прашања од значење за работата на судот, а кои се непосредно се поврзани со целокупниот судски систем и согласно утврдените принципи за владеење на правото и надлежностите утврдени во законите и Судскиот деловник.

## 14. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**Врховниот суд на Република Северна Македонија извештајната 2024 година ја заврши како ефикасен и ажурен суд, остварувајќи ја својата надлежност согласно Уставот, Законите и меѓународно ратификуваните договори во согласност со Уставот, како и во согласност со програмските заложби, цели и задачи.**

**Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2024 година имал вкупно во работа 5266 предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот, од кои 709 предмети од 2023 година и 4536 новопримени предмети, а 648 предмети останале нерешени. Во 2024 година 25 предмети се заведени повторно во работа, а 4 предмети се водат како погрешно заведени.**

**И покрај нотираната состојба со бројот на судии и судски службеници од аспект на човечките ресурси, Врховниот суд на Република Северна Македонија извештајната 2024 година ја заврши како ефикасен суд, приливот на предмети е совладан, а заостатокот е намален за 82 предмет.**

**Во извештајната 2024 година, Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврди начелни ставови, начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница кои се објавуваа на веб страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.**

**Начелните ставови на Врховниот суд на Република Северна Македонија го продолжуваат континуитетот на начелни ставови со кои се унапредува**

**транспаретноста и отвореноста, се заштитува јавниот интерес и се применува Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи, особено во поглед на пристапот до суд, почитувањето на европските стандарди и практиката на Европскиот суд за човековите права, заштитата од загадувањето на животната средина и почитувањето на принципите на јавност и олеснувањето на работата на медиумите и новинарите кои имаат суштинска улога за современите демократски општества и правосудни системи.**

**Со новите измени на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Општите седници се отворени за јавноста и се засновани на заложбите за јакнење на јавната доверба преку отовреност и отчетност, што е нотирано и во релевантните меѓународни и домашни извештаи.**

**Врховниот суд на Република Северна Македонија, ќе продолжи со активностите за унапредување на судската практика, конзистентност на судските одлуки, подготовката на билтени и публикации на судската практика како континуитет на новата Збирка на судски одлуки 2018-2023.**

**Активностите на Врховниот суд на Република Северна Македонија се позитивно нотирани во Извештајот на Европската унија што преставува голема професионална мотивација и посветеност во работата во интерес на граѓаните, судството, општеството и државата.**

**Врховниот суд на Република Северна Македонија поаѓајќи од податоците во извештајната 2024 година за реализирани активности ќе продолжи со активностите и заложбите за ефикасност, ажурност и функционална и финансиска независност. Врз основа на реалзираните посети на пониските судови, посебен акцент ќе биде ставен на судската солидарност како двигател општите принципи за независност на судството.**

**Од особена важност е да продолжи инклузивноста на судиите во процесите за потребните измени на законодавството од областа на судството со кои е потребно да се надминат нормативните и практичните слабости согласно принципите на владеењето на правото, правната сигурност, почитувањето на човековите права и афирмацијата и примената на европските стандардии вредности.**

**Во таа насока, покрај заложбите за ефикасност, ажурност, отвореност, интегритет и применување на етичките начела, стручност, професионалност и квалитет на правдата, Врховниот суд особено внимание ќе посвети и на активностите кои се однесуваат на реализација на планираните јавни набавки, капитални инвестиции и поставени цели во однос на материјално финансиското работење, започнатиот опсежен процес на архивирање на материјалите согласно закон и правилата за архивско работење и постапување со архивски материјал.**

**Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе продолжи со унапредувањето на квалитетот и квантитетот на човечките ресурси, пополнување на потребните работни места преку објавување на јавен оглас, унапредувањето на информатичката технологија и АКМИС системот,**

**дигитализацијата, континуиранатa едукација, унапредувањето на транспарентноста, соработката со граѓанскиот сектор и континуираната меѓународна соработка.**